# ООУ „КОСТА РАЦИН“ с.ПОДАРЕШ, РАДОВИШ

***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ***

***ЗА РАБОТАТА НА ООУ „КОСТА РАЦИН“ с.ПОДАРЕШ, РАДОВИШ ОД УЧЕБНАТА 2024/25 година***

**Јуни 2025 година** **Директор**

**с.Подареш** **Лилјана Атанасов**

## Вовед

Основното општинско училиште Коста Рацин, се наоѓа во с.Подареш, а подрачното училиште „Коста Рацин“ во село Јаргулица, двете во склоп на општина Радовиш, каде се врши воспитно образовна дејност на мајчин македонски јазик.
Годишниот извештај за работа на училиштето ги опфаќа сите сфери од работата на училиштето и реализираните активности на сите субјекти што партиципираат во воспитно-образовниот процес.
Целата работа на училиштето се одвиваше согласно Годишната програма за работа на училиштето, Наставните планови и програми,Статутот на училиштето, Развојната програма на училиштето и Законот за основно образование.
При изработка на извештајот беа почитувани појдовните основи наведени во Годишната програма за работа на училиштето.

Годишниот извештај е документ во кој се презентира состојбата во училиштето во врска со организациијата и реализацијата на целокупното работење, како и констатации и оценки за:

- Условите во кои се остварува дејноста;
- Годишната програма за работа на училиштето;
- Непосредната одганизација и реализација;
- Резултати од постигнатиот успех;
- Предлог мерки за нивно надминување;
- Унапредување за понатамошно работење.

**Целта** на годишниот извештај е на надлежните институции и установи да им се даде увид во работењето, организационата поставеност за работата на училиштето од учебната 2024 /2025 година.

## 1. Општи податоци за училиштето

| Име на училиштето | ООУ,,Коста Рацин“ |
|---|---|
| Адреса, општина,место | с.Подареш,Радовиш,с.Подареш |
| Телефон | 070332912 |
| Фах. | / |
| Е-маил | k.racin@yahoo.com |
| Основано од | МОН Скопје |
| Верификација-бр. На актот | 104003/1 |
| Година на верификација | 1997 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| Година на изградба | 1936/1968 год. |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Површина на објектот | 1028 |
| Површина на училишниот двор | 2381 |
| Површина на спортски терени и игралиште | / |
| Училиштето работи во смена | Не работи во смени |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење |
| Број на паралелки | 17 |
| Број на смени | Една смена |

**- Просторни услови за работа на училиштето**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 3 |
| Училишен двор | 2 |
| Број на подрачни училишта | Едно во с.Јаргулица |
| Бруто површина | 4065 |
| Нето површина | 1028 |
| Број на спортски терени | / |
| Број на катови | / |
| Број на училници | 17 |
| Број на помошни простории | 2 |
| Училишна библиотека | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење |

**- Материјално технички услови**

| Материјално технички услови<br>Вид на нагледно средство | ООУ „Коста Рацин“ | ПУ„Коста Рацин“ |
|---|---|---|
| Компјутери за ученици | **129** | **14** |
| Лаптопи за наставници | **33** | **5** |
| Лаптопи за ученици (I-III) | **54** | **15** |
| Прожектор | **4** | **2** |
| Телевизор | **2** | **1** |
| Радио касетофони | **5** | **3** |
| Фотокопир/ Печатач | **5** | **1** |
| Паметни табли | **3** | **1** |
| Дигитален Фотоапарат | **1** | **/** |
| Телефакс | **1** | **/** |
| Таблет за секое дете | **145** | **32** |
| Сет камери за надзор во двор | **1 сет** | **1 сет** |
| ТВ со рамен екран во секоја училница | **Вкупно 19** | |

1.2.Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор (име и презиме)** | -Претседател -Марија Стојанова (претставник од родители)<br>-Заменик претседател - Нове Илиев (претставник од ЕЛС-Радовиш)<br>(претставник од родителите)<br>- Тања Коцева, Марија Стојанова<br>(претставник на наставниците)<br>Драги Коцев, Лилјана Понева, Данче Атанасова Илиева |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Марија Стојанова, Верче Коцева, Тања Коцева, Тања Јанева, Марија Ташкова, Андријана Аврамова, Станка Јованова, Мирјана Николова, Вецка Димитрова, Снежана Серафимова, Розе Поцева |
| **Стручни активи (видови)** | -Стручен актив од Природно-математичка група на предмети<br>-Стручен актив на јазична група предмети<br>-Стручен актив на Музичко, Ликовно и ФЗО<br>-Стручен актив од Одделенска настава |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | 24 |
| **Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме)** | Директор– Лилјана Атанасова<br>Педагог– Горан Јанкулов<br>Одделенски наставник – Данче А. Илиева<br>Предметен наставник– Драги Коцев<br>Родител– Валентина Илиева |

| | |
|---|---|
| | Родител– Верче Коцева<br>Специјален едукатор и рехабилитатор – стручен соработник од друго училиште - Билјана Јованова |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 8 |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | Теодора Илијева, Давид Стојанов, Анастасија Илиева ,<br><br>Претседател на ученички парламент- Анастасија Илиева |

## 2.2.Податоци за училиштниот простор

| ***Просторни услови за работа на училиштето*** | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 4 |
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Бруто површина** | 4065 |
| **Нето површина** | 1028 |
| **Број на спортски терени** | / |
| **Број на катови** | / |
| **Број на училници** | 17 |
| **Број на помошни простории** | / |
| **Училишна библиотека, медијатека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено парно |

## 2.3.Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина (м2) | Состојба (се оценува од 1до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници Подареш | 13 | 560,5 | 4 | / |
| Канцеларии | 3 | 64,24 | 4 | / |
| Библиотека | 1 | 13,61 | 4 | / |
| Кујна | 1 | 13 | 4 | / |
| Ходници | 2 | 147,6 | 5 | / |
| Помошна простории | 2 | 72,5 | 3 | / |
| ВЦ | 3 | 27,82 | 3 | Реконструкција |
| Училници Јаргулица | 6 | 269,84 | 4 | / |
| Канцеларии | 1 | 22,5 | 5 | / |
| Ходници | 2 | 51,5 | 5 | / |
| Помошни простори | 2 | 30,52 | 2 | Реконструкција на помошна просторија Јаргулица |
| ВЦ | 2 | 14 | 4 | / |

## 2.4.Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“ Училишниот објект, училниците и другите простории во училиштето се пристапни и пријатни за престој на учениците и за одвивање на наставата. Училиштето инвестира во подобрување на условите за престој во училиштето, како и во осовременување и унапредување на образовниот процес преку континуирано обновување на опремата и наставните средства. Сите училници се опремени ТВ, со смарт табли, компјутери, проектор и потребните нагледни средства за секој наставен предмет, за редовната настава како и за воннаставните активности.

## 2.5.Податоци за училишната библиотека

| **Ред. Број** | **Библиотечен фонд** |
|---|---|
| *Наслови* | *105* |
| *Број на бинлиотечен фонд* | *6941* |
| *Лектири* | *5925* |
| *Книги од МОН (слободна литература)* | *15* |
| *Стручна литература* | *65* |
| *Слободна литерарура* | *911* |

Во текот на учебната 2024/25 год. се набавени лектирни изданија за учениците од I-IX одд.

2.6.Извештај за за обновување  и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Во текот на учебната 2024/2025 година во централното и подрачното училиште се реализирани планираните активности за подобрување на условите за обновување и адаптација во училиштето: Доградување на дел од училишниот двор; поставување на нова табла ; поставување на нови 5 внатрешни врати во Основното училиште. Одржување и проверка на комјутерска технологија пред почеток на учебната година; Набавка на машини (косилка за трева во ПУ,,Јаргулица)) и ситен инвентар за потребите во училиштето, набавка на канцелариски материјал и средства за хигиена. Целосно обелување на фасадата во ПУ,,Јаргулица и дел во Основното училиште.

## 3.Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### 3.1.Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред.бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образние | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Анета Јанковиќ | 1976 | Нас. | ВСС | Македонски јазик | / | 20 год. |
| 2. | Лејла Лиманова | 1980 | Нас. | ВСС | Англиски јазик | / | 19 год. |
| 3. | Марија Марков | 1989 | Нас. | ВСС | Т.О и Информатика | / | 11 год. |
| 4. | Анета Илкачева | 1999 | Нас. | ВСС | Германски јазик | / | 6 год. |
| 5. | Марија Поцкова | 1993 | Нас. | ВСС | Македонски јазик | / | 8 год. 4 месеци |
| 6. | Раде Филиповски | 1986 | Нас. | ВСС | Математика | / | 13 год. 8 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Драги Коцев | 1987 | Нас. | ВСС | Математика<br>Физика | / | 9 год. 4 месеци |
| 8. | Тихомир Ангеловски | 1990 | Нас. | ВСС | ФЗО | / | 5 год. 7 месеци |
| 9. | Јанка Стојчева | 1961 | Нас. | ВСС | Биологија<br>Хемија<br>Природни науки | / | / |
| 10. | Драган Ристов | 1984 | Нас. | ВСС | Географија | / | 15 год.8 месеци |
| 11. | Марија Шукриева Поцкова | 1993 | Нас | ВСС | Ликовно обр. | / | / |
| 12. | Габриела Атанасова Митев | 1996 | Нас. | ВСС | Музичко обр.<br>Хор<br>Оркестар<br>Ора и танци | / | 6 год.6 месеци |
| 13. | Симеон Џеков | 1963 | Нас. | ВСС | ФЗО | / | 33 год.10 месеци |
| 14. | Марија Шукриева Поцкова | | Нас. | ВСС | Граѓанско образование | / | / |
| 15. | Силванка Јанкова | 1973 | Нас. | ВСС | Трето одд. | / | 21 год. 2 месеци |
| 16. | Данче А.Илиева | 1980 | Нас. | ВСС | Трето одд. | / | 18 год. 4 месеци |
| 17. | Марија Петрушева | 1992 | Нас. | ВСС | Второ одд. | / | 6 год. 5 месеци |
| 18. | Лилјана Лазарева | 1971 | Нас. | ВСС | Прво одд. | / | 30 год. 1 месеци |
| 19. | Лефка М.Василева | 1984 | Нас. | ВСС | Четврто одд. | / | 10 год. 8 месеци |
| 20. | Софија Јованова | 1981 | Нас. | ВСС | Второ одд. | / | 10 год. 6 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Гордана М.Ташкова | 1973 | Нас. | ВСС | Петто одд. | / | 23 год. 4 месеци |
| 22. | Павлинка Андреева | 1965 | Нас. | ВСС | Петто одд. | / | 30 год. 5 месеци |
| 23. | Божанка Горгиева | 1982 | Нас. | ВСС | Четврто одд. | / | 3 год.9 месеци |
| 24. | Зорица Горгиева | 1997 | Нас. | ВСС | Природни науки | / | 10 месеци |
| 25. | Деспина П.Аневска | 1998 | Нас. | ВСС | Англиски јазик | / | 2 год. |

3.2.Податоци за раководните лица

| | Име и Презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно Место | Години На Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лилјана Атанасова | 1966 | Директор | ВСС | Директор | 32 год. 3 месеци |

3.3. Податоци за воспитувачите

| Ред. Број | Име и Презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно Место | Години На Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лилјана Понева | 1964 | Воспитувач во прво одд. | ВСС | Наставник во прво одд. | 27 год. 11 месеци |

Сите наставници во одделенска и предметна настава го исполнуваат нормативот за ангажираност на наставниците со исклучок на неколку наставници во централното и во подрачното училиште. Воспитно-образовната дејност во училиштето ја остваруваат 24 наставници. Образовната структура на кадарот одговара на законските и програмските барања по наставни предмети. Во одделенска настава, наставата ја изведуваат 10 одделенски наставници од кои 5 наставници изведуваат настава во подрачното училиште. Во предметна настава сите наставни предмети се застапени според наставниот план и програма и се реализираат од страна на 14 наставници. Има и наставници кои дополнуваат часови во нашето училиште а се вработени во други училишта како и наставници а се вработени во нашето училиште а дополнуваат во друго училиште.

3.4.Податоци за вработените административни службеници

| **Реден Број** | **Име и Презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен На образоване** | **Работно Место** | **Години На Стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1.* | *Горан Јанкулов* | *1983* | *Педагог* | *ВСС* | *Педагог* | *4 год. 6 месеци* |
| *2.* | *Душко Роголев* | *1987* | *Секретар* | *ВСС* | *Тех.секретар* | *3 год. 6 месеци* |

3.5.Податоци за вработените помошно- технички лица

| Ред Број | Име и Презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образован ие | Работно Место | Години На Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Босилка Василева | 1966 | Хигиеничар | Основно | хигиеничар | 7 год. 7 месеци |
| 2 | Горица Иванова | 1979 | Хигиеничар | Основно | хигиеничар | 6 год.8 месеци |
| 3 | Коле Атанасов | 1973 | Хигиеничар | ССС | хигиеничар | 7 год. 3 месеци |

**3.6 Податоци за ангажирање на образовни медијатори**

Во нашето училиште нема ангажирано образовни медијатори

3.7 Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Број на вработени | 30 | 8 | 21 | / | / | / | 1 | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар | 24 | 5 | 18 | / | / | / | 1 | / | / | / | / |
| Број на стручни соработници | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Адинистративни работници | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Техничка служба | 3 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

### 3.8 Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 26 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 1 |
| Основно образование | 2 |

### 3.9 Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 5 |
| 31-40 | 7 |
| 41-50 | 10 |
| 51-60 | 6 |
| 61 – пензија | 2 |

## 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | м | Ж |
| I | 2 | 14 | 7 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| II | 2 | 8 | 5 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| III | 2 | 15 | 6 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | 2 | 20 | 9 | 11 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| V | 2 | 11 | 7 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I-V | **10** | 68 | **34** | **34** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI | 2 | 18 | 9 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VII | 2 | 14 | 4 | 10 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VIII | 1 | 15 | 7 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IX | 2 | 20 | 5 | 15 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI-IX | 7 | 67 | **25** | **42** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I-IX** | **17** | 135 | 59 | 76 | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

**4. Материјално-финансиско работење на основното училиште**

За финансиското работење на училиштето е одговорен директорот и сметководителот. Финансирањето во училиштето се остварува преку дотации. Во планот на расходи беа предвидени средства за семинари и конференции и обуки, вонучилишни образовни активности, се со цел унапредување на воспитно - образовниот процес и поголеми постигања во знаењето и напредокот на учениците. По посета на просветни инспектори инспектори се утврди дека училиштето работи коректно и посветено според важечките прописи за финансиско работење на буџетските институции. Нашето училиште останува и понатаму да се залага за совесно и прописно работење во полза на учениците, вработените и локалната заедница.

## 5.Мисија и визија

## ***Мисија на училиштето***

**Нашето училиште има мисија да даде образование кое ќе обезбеди квалитетна иднина, меѓусебно разбирање и почитување, соработка. Ние сме училиште кое нуди еднакви можности за учење и напредување на сите ученици и кое ги подготвува учениците со квалитетни и трајни знаења со кои успешно ќе одговорат на предизвиците на 21-от век.**

## ***Визија на училиштето***

**Нашата визија е да бидеме училиште во кое сите ученици ќе доаѓаат со задоволство и желба за нови знаења, во кое ќе ги воспитуваат среќни и задоволни наставници, мотивирани за реализација на современа настава. Преку современа и квалитетна настава до здрави индивидуи кои ги почитуваат. различностите**

**6. Веќе научени / стекнати искуства**

При планирање на работата, училиштето постојано ги користи искуствата од работата во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Тие придонесуваат за подобрување на работниот процес во училиштето, за изготвување на годишните програми на училиштето и на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците. За успешно постигнување на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од следниве релевантни извори: анализи и заклучоци од извештајот од спроведената Самоевалуација за работа на училиштето; Развојна програма на училиштето ; Извештајот од интегралната евалуација на училиштето (Октомври 2024); Одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители; Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи; Извештаи од реализација на наставните планови и програми; Стекнати знаења и компетенции од посетени обуки, семинари и работилници; Правилници за работа и етички кодекси за сите целни групи; Критериуми и стандарди за оценување на постигањата на учениците; Примена на ИКТ во наставата и воннаставните активности; Реализација на воннаставни активности, секции, проекти и слободни ученички активности преку: програма за интеграција на еколошката едукација

во образовниот систем, проекти за меѓуетничка интеграција во образованието (МОН, МИО) Оваа учебна година акцентот беше ставен на унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар, стручната служба и другите вработени во училиштето,  осовременување на наставата.

**7. Подрачја на промени, приоритети и цели**

Цели на училиштето се подобрување на условите за работа на сите инволвирани во воспитно–образовниот процес, континуиран напредок и постигнување подобри резултати. За реализација на овие цели, тргнувајќи од Развојната програма за работа на училиштето и Самоевалуацијата на училиштето за оваа учебна година беа предвидени следните приоритети кои припаѓаат во седумте подрачја на опсервација на основното училиште:

**8. Програми и организација на работата во училиштето**

**8.1. Календар за  организација на работата во училиштето во  учебната 2024/2025** година

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно со програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно-образовна дејност и ученички одмор за учебната 2024/2025 година.

- Учебната година во основното училиште започна на 1 септември 2024 година, а ќе заврши на 31 август 2025 година;
- Наставната година започна на 2 септември 2024 година и заврши  на 10 јуни 2025 година;

- Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I и II полугодие; - Првото полугодие започнува на 2 септември 2022 година, а заврши на 30 декември 2024 година; - Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор; - Зимскиот одмор започна на 31 декември 2024 година, а завршува на 20 Јануари 2025 година; - Второто полугодие  започна  на 20 јануари 2025 година, а заврши на 10 јуни 2025 година; - За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2025 година до 12 јануари 2025 година користат платени неработни денови. - Летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година

**8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

Поделба на одделенското раководство и поделба на часовите на наставниот кадар се врши на Наставнички совет согласно ЗОО, нормативот за наставен кадар. Часот на одделенската заедница се реализира според програма утврдена од МОН, на предлог на Бирото за развој на образованието и други активности поврзани со паралелката. Задолжителната настава е организирана по одделенија од I до IX по наставните предмети согласно наставниот план и програми на основните училишта, според однапред утврден распоред на наставните часови. Наставниот час трае 40 минути.

**8.3. Работа во смени**

Училиштето организира задолжителна настава за сите ученици од прво до деветто одделение. Учениците во одделенска настава кои ја следат наставата според новата Концепција за основно образование, имаат престој од 5 часа, односно од 7: 30 до 12:30 часот. Бидејки се работи во една смена

**8.4. Јазик/ јазици на кој/ и се изведува наставата**

Наставата во Основното и Подрачното училиште се реализира на македонски наставен јазик

**8.5.Проширена програма**

ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш не организира продолжен престој на учениците бидејќи нема побарување од страна на родителите.

**8.6.Комбинирани паралелки**

Во нашето училиште комбинирани паралелки - нема.

**8.7.Странски јазици што се изучуваат во основното училиште**

Во нашето училиште како прв странски јазик се изучува англиски јазик а како втор изборен германски јазик.

**8.8.Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

Наставата од прво до петто одделение ја изведуваат одд.наставници во тандем наставници со завршен факултет ФЗО.

**8.9. Изборна настава**

Во зависност од интересите учениците изучуваат изборни предмети, со кои ги надградуваат, продлабочуваат и систематизираат знаењата од одредени подрачја. Учениците ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Во тековната учебна година, според резултатите од анкетите, учениците ги изучуваа следните изборни предмети:

**8.10 Дополнителна настава**

Дополнителна настава според Правилникот за организација на наставата издаден од МОН, за учениците од I до V одделение се реализира во рамки на петте задолжителни саати или по петте задолжителни саати за индивидуален пристап на учењето. Дополнителната настава за останатите одделенија има задолжителен карактер и се изведува со цел да се подобрат резултатите кај учениците кои имаат потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надоградат идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на

дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Реализацијата на
дополнителната настава се заведува во е-дневник и во Педагошка евиденција за дополнителна настава.

### 8.11 Додатна настава

Додатна настава според Правилникот за организација на наставата издаден од МОН, за учениците од одделенска настава планира во рамки на неделното планирање во паралелката во делот на други активности, а се реализира преку проектни и истражувачки активности, преку слободни изборни предмети за време на петте задолжителни саати престој. За останатите одделенија се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализира во дадено одделение за да можат самите да направат избор.

### 8.12 Извештај за работа со надарени и талентирани ученици

За надарени и талентирани ученици се изработува индивидуална програма за работа во која се вклучени предметите за кои покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Наставниците со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, изработуваат диференцирани наставни планови кои содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот. Реализацијата на индивидуализирани програми за надарените ученици се спроведува преку додатна настава и слободни ученички активности. Целта на ова бешее подготовка на учениците за натпревари и други манифестации. Со нивното додатно ангажирање се овозможува јакнење на самодовербата, развивање на натпреварувачки дух и зголемување на мотивот за лична афирмација. Од друга страна тоа претставува голем допринос за афирмација и зголемување на угледот на училиштето во пошироката општествена средина.

**8.13 Извештај за работа со ученици со посебни образовни потреби**

Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби.

**8.14 Извештај за Туторска поддршка на ученикот**

Во ООУ „Коста Рацин“ с.Подареш- Радовиш оваа учебна година не е планирана и организира туторска поддршка на учениците.

**8.15 Извештај за работата на образовен медијатор**

Во текот на учебната 2024/2025 година нашето училиште немаше потреба од образовен медијатор.

## 9. Вонраставни активности

Вонраставните активности играат клучна улога во развој на различните интереси и компетенции (знаења, вештини, вредности и ставови) на учениците. Основното училиште организираше вонраставни активности согласно Концепцијата за вонраставни активности, која ја утврдува министерот на предлог на Бирото за образование.

### 9.1. Училишни спортски клубови

Извештај за учество на учениците во спортски активности во учебната 2024/2025 година

- Учениците од предметна настава учествуваа на Општински натпревар во одбојка – машки кој се одржа во спортската сала на ООУ” Крсте Петков Мисирков ”- Радовиш на ден 14.10.2024, на кој ученици освоија прво место .
- Во декември 2024 год.12 ученика од предметна настава учествуваа на Зонски натпревар во машка одбојка во Струмица и освоија II место.

**Годишен извештај за литературната секција за учебната 2024/2025 година.**

Во рамките на слободните ученички активности успешно работи литературната секција, која ја сочинуваат ученици од VI, VIII I IX одделение, а под раководство на наставничката по македонски јазик Анета Јанковиќ. Литературната секција претставува целина од творење, драматизација, ораторство и рецитирање.
Во неа учениците пројавуваат голем интерес и афинитет кон создавањето прозни и поетски литературни творби и ги прават своите први обиди на полето на литературата, драматизацијата и уметничкото изразување.

Членовите на секцијата редовно учествуваат на распишаните литературни конкурси и често ги освојуваат првите награди, што е уште еден доказ дека секцијата успешно работи. Членовите на литературната секција се носители на многу активности, натпревари, приредби, конкурси, одбележување на празници, Денот на училиштето-патронен празник...

Во текот на учебната 2024-2025 година литературната секција со свои активности учествуваше со голем број активности, меѓу кои:
-Работилница во рамките на Детската недела под мотото „Правата на детето - безбеден чекор кон среќно детство“
-Литературен конкурс на тема: " Радовиш некогаш и сега" распишан од ОНБ „Браќа Миладиновци“ Радовиш по повод 6 Ноември –Ден на ослободувањето на Радовиш.
-Работилница и интерен конкурс за краснопис и уметничко читање во чест на одбележувањето на 85 години од објавувањето на стихозбирката „Бели мугри“ од К.Рацин, распишано од ООУ „Коста Рацин“ Подареш
-Новогодишна програма –рецитал и драматизација во соработка со Општина Радовиш
-Учесто на Ораторска вечер во организација на СОУ "Коста Сусинов" Радовиш на која учество земаа членови на литературната секција: -
Работилница со драматизација во чест на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик;
-Работилница и уметничко читање за одбележување на 23 април - Меѓународен ден на книгата и авторското право
-Регионален натпревар по македонски јазик и литература во Радовиш;
-Учество со свои литературни творби на сите распишани литературни конкурси од основните училишта во Општина Радовиш;
-Работилница и изработка на проект во чест на 80 години од кодификацијата на македонската азбука;
-Учество на патронен празник на училиштето со рецитал, уметничко рецитирање и драматизација;

-Уметничко рецитирање пред споменикот на паднатите борци,  во соработка со Здружението на борците од Радовиш и Конче;
-Државен натпревар по македонски јазик во Скопје.

Преку активностите во литературната секција учениците се запознаваат со другите ученици, но и со самите себе, стануваат  самокритични и поупорни во постигнувањето на зададената цел, стануваат поопуштени на сцената, се трудат да бидат послободни и посигурни, ја негуваат љубовта кон глумата, убавиот пишан збор, ораторските способности, како и изразното уметничко рецитирање... Сите овие се вештини и способности кои можат да им користат и во другите сфери на животот.

Наградите, дипломите, пофалниците, аплаузот, честитките и критиките ни се мотив и поттик за понатамошна работа и уште поголеми успеси.

**Годишен извештај за библиотекарска секција**

Библиотекарската секција дава поддршка на учениците во развој на читателските вештини, писменост, поттикнување на креативност и творештво, пишување на лични творби, за подобрување на квалитетот на сите видови воспитно-образовна работа, социјалните вештини, ненасилна комуникација, поттикнување на самостојно учење, креативно осмислување и одбележување на значајни датуми. Бо библиотекарската секција се  вклучени се ученици од IV до IX одделение. Се реализираа повеке активности: Обновување на членството и зачленување на нови членови. Разгледување и усвојување на програмата за работа, Средување на книгите ,Техничка обработка на книги (ставање печат, налепница, инвентирање.

### 9.2. Акции

Во нашето училиште во текот на училишнната година се реализираа неколку акции (прослави, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции сл.). Акциите беа во организација на одговорните наставници, учениците и локалната заедница со цел развивање позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата, уредно и навремено завршување на задачите,

развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици.

**Извештај за хуманитарна акција**

По повод Денот на гладтта, учениците од нашето училиште иницирани од Ученичкиот парламент реализираа хуманитарна акција која траеше од 10 до 16 Октомври 2024 год. Исто така беше изврешена хуманитарна акција за лекување на Милева Благица од нашето училиште.

## 10. Ученичко организирање и учество

Учеството на учениците во демократските процеси во училиштето има особено општествено значење бидејќи преку него учениците учат за демократскиот начин на делување во училиштето и пошироко во заедницата. Училиштето овозможува активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности и домени во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира обезбедување атмосфера и услови што ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, како и градење механизми и процедури кои овозможуваат учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Училиштето овозможува и учениците се здружуваат и активно учествуваат преку следните модели: одделенска/класна заедница, Ученички претседател, Ученички парламент, Ученик правобранител и сл.

Во одделенската / класната заедница во првиот месец во септември се избра претседател и заменик претседател согласно постоечката процедура. Претседателите од IV-IX одделение се членови и на Ученичкиот парламент.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, Програмата за ученички екскурзии, излети и настава во природа, во текот на учебната година беа организирани повеќе екскурзии со учениците и еднодневен есенски излет.

- 07.11.2024 год.  истражувачка настава во блиската околина – Есенски ден со учениците од I до IX одделение;

- 02.05.2025 год. истражувачка настава во блиската околина – Пролетен ден со учениците од I до IX одделение.

- Тридневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение одржана на почетокот од месец јуни 2025 год.

- Учениците од 3 одд. на 19.5.2025 год. беа на еднодневна екскурзија во Скопје. Ги посетија Меѓународниот аеродром "Скопје", Скопското Кале, Црквата Свети Спас и гробот на Гоце Делчев, го видоа скопскиот плоштад, споменициите, Камениот мост, Спомен куќата на Мајка Тереза и Зоолошката градина.

- Дводневна екскурзија со учениците од  VI одделение беше реализирана на 12 и 13 мај 2025 година, на која учениците имаа можност да се запознаат со природните богатства и културно-историските знаменитости во РСМ, се дружеа и истражуваа.

### 11.2  Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Податците за постигнувањата во вонучилишни активности наставниците ги евидентираа во образец за реализација на вонучилишни активности .

## 12. Натпревари за учениците

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области, придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух и да се зближуваат учениците од разни средини. Натпреварите се дел од активностите на Планот и програмата за работа со талентирани и надарени ученици. Учениците учествуваа на натпревари според планот за општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Постигнатите резултати на учениците кои го промовираа училиштето, беа редовно истакнувани пред учениците и на средствата за јавно информирање на нашето училиште. Во прилог е преглед за учеството на натпревари во текот на учебната 2024/2025

Извештај за учество на учениците на натпревари во учебната 2024/2025 година

| Предмет | Наставник ментор | Ученици | Организатор | Ниво | Освоено место |
|---|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | Лејла Лиманова | Теодора Илијева VII одд | ЕЛТАМ | Регионален натпревар | III награда |
| Англиски јазик | Лејла Лиманова | Теодора Илијева VII одд | ЕЛТАМ | Оипштински натпревар | III место |
| Англиски јазик | Лејла Лиманова | Анастасија Илиева VIII одд | ЕЛТАМ | Оипштински натпревар | Пофалница |
| Германски јазик | Анета Илкачева | Антонела Димитрова VIодд | Здружение на наставници по германски јазик | Државен натпревар | Втора награда |
| Германски јазик | Анета Илкачева | Анастасија Илиева VIII одд | Здружение на наставници по германски јазик | Државен натпревар | Втора награда |
| Германски јазик | Анета Илкачева | Данче Митковска IX одд. | Здружение на наставници по германски јазик | Државен натпревар | Втора награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Германски јазик | Анета Илкачева | Давид Стојанов VII одд , | Здружение на наставници по германски јазик | Регионален натпревар | I награда, |
| Германски јазик | Анета Илкачева | Антонела Димитрова VI одд | Здружение на наставници по германски јазик | Регионален натпревар | II награда, |
| Германски јазик | Анета Илкачева | Анастасија Илиева VIII одд | Здружение на наставници по германски јазик | Регионален натпревар | III награда. |
| Германски јазик | Анета Илкачева | Данче Митковска IX одд. | Здружение на наставници по германски јазик | Регионален натпревар | III награда. |
| Македонски јазик и литература | Анета Јанковиќ | Анастасија Илиева VIII одд | Сојуз на друштвото за македонски јазик и литература | Регионален натпревар | I место |
| Македонски јазик и литература | Анета Јанковиќ | Данче Митковска IX одд. | Сојуз на друштвото за македонски јазик и литература | Регионален натпревар | III место |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | Анета Јанковиќ | Антонела Димитрова VI одд. | Сојуз на друштвото за македонски јазик и литература | Регионален натпревар | II место |
| Македонски јазик и литература | Анета Јанковиќ | Симона Милева VI одд. | Сојуз на друштвото за македонски јазик и литература | Регионален натпревар | III место |
| Македонски јазик и литература | Анета Јанковиќ | Анастасија Илиева VIII одд | Сојуз на друштвото за македонски јазик и | Државен натпревар | II награда. |
| Македонски јазик и литература | Анета Јанковиќ | Антонела Димкитрова VI одд | Сојуз на друштвото за македонски јазик и | Државен натпревар | II награда. |
| Математика | Божанка Ѓоргиева | Христина Коцева IV одд. | Сојуз на математичари на Македонија | Општински натпревар | II награда. |
| Математика | Лефка Милева | Драган Сарафимов IV одд. | Сојуз на математичари на Македонија | Општински натпревар по математика | Пофалница |
| Математика | Павлинка Андреева | Војче Георгиев V одд. | Сојуз на математичари на Македонија | Општински натпревар | III награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Математика | Драги Коцев | Давид Стојанов VII одд. | Сојуз на математичари на Македонија | Општински натпревар по | II награда |
| Математика | Раде Филиповски | Анастасија Илиева VIII одд. | Сојуз на математичари на Македонија | Општински натпревар | III награда |
| Математика | Драги Коцев | Јована Васева VII одд. | Сојуз на математичари на Македонија | Општински натпревар по математика | III награда |
| Математика | Силвана Јанкова | Андреа Јанева III одд | Сојуз на математичари на Македонија | Новогодишен електронски натпревар по математика | III место |

**13. Унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција**

Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена: претседател на Ученички парламент, Ученик-правобранител, стручен соработник и наставници. Директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. Нашето училиште е чисто македонско, а затоа се води грижа да се учествува во активности со други мултикултурни училишта. Тимот за училишна интеграција реализираше активности кои придонесуваат за почитување на мултикултурализмот, за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и за унапредување на меѓуетничката интеграција.

**Извештај за реализирани активности за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција во учебната 2024/2025 година**

Според усвоениот план и програма за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција во рамки на Годишната програма во учебната 2024/2025 година, реализирани се повеќе активности различни според содржина и времетраење. Активностите се изведени од наставници и ученици од училиштето во просториите на нашите училишни згради и спортски терени, а дел од нив во посета на други објекти и со други училишта.

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

Извештај за реализирани проекти

Нашето училиште продолжува со веќе утврдена пракса за реализирање на проекти кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата. Во текот на оваа учебна година во училиштето се рализираа следните проекти:

### МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието) ООУ „Коста Рацин“-Подареш

| Задача | Реализирани активности | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Идентификување на индикатори со најниска просечна оценка.<br>Идентификување на силните страни.<br>Планирање на стратегии и активности и време на реализација | ♦ Годишната програма е усвоена со МИО заложбите на училиштето вклучени во мисијата и визијата<br>♦ Годишна програма содржи план за акција кој посочува на конкретните самостојни активности на училиштата и јасно ги дефинира нивните цели | Сите наставници<br>работни групи<br>Директор<br>работни групи | август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализација на планираните приоритети за развој на компетециите за МИО | ♦сите планирани конкретни активности се реализирани<br>♦ се одржани сите состаноци на стручните активи на кои се разгледани примери на успешни практики за самостојни и заеднички активности<br>♦се обезбедени евиденција и докази за спроведените самостојни активности на наставниците за време на наставниот процес | Наставници | Прво полугодие |
| Следење на Имплементацијата на планот | ♦изготвен е полугодишен извештај од реализацијата на планираните активности од страна на наставниците | Наставници | Во текот на учебната година |
| Континуирано се следи процесот на активности | ♦изготвен е извештај за тоа како реализацијата на активностите за МИО придонеле за подобрување на состојбата | Наставници | Декември-мај |
| Извештај од имплементацијата се приложува во Годишниот извештај | ♦ изготвен е извештај за тоа како реализацијата на активностите за МИО придонела за подобрување на состојбата | Сите наставници | Во текот на учебната година |

Проект,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“

| Реализирана активност | Динамика |
|---|---|
| Реализирана е отворена родителска средба“-во месец Ноември-Април се реализира родителска средба од одд.раководители, а потоа родителите индивидуално разговараа со наставниците за сопственото дете кај секој предметен наставник и педагогот..<br>Посебно се стави акцент на првачињата и учениците од шесто одд.во ова полугодие поради нивното прилагодување, социјализација и развивање на нивните индивидуални способности. | Реализирани вкупно две средби во учебната година |
| Реализиран ,,Отворен ден“- последниот работен ден од месецот се реализираше индивидуална средба на родителите со наставниците, педагогот или директорот на училиштето. | Вкупно две средби. |
| Новогодишен базар“-се реализираше од страна на родители, деца и наставници. На него учествуваа родителите на ученици од одделенска и предметна настава. | Еднаш во учебната година |
| Учениците во саработка со родители, наставници реализираа приредби во чест на 8 Март Денот на жената.<br>Во оваа приредба учествуваа учениците од прво до петто одделение. | Еднаш во учебната година.<br>Присутни родители и ученици |

| | |
|---|---|
| Се реализираше работилница за изработка на Велигденски јајца со ученици и родители по повод Велигденските празници | Присутни<br>Ученици од одд настава |
| ,,Велигденски базар“-Се реализираше во соработка на родители и ученици во с.Јаргулица | Присутни родители<br>и ученици |

## Реализиран проект ,, Чекори во интегрирано образование во образовниот систем на РС Македонија“

| Одд. | Тема | Содржина | Работилница | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| IX | Јас-личен развој | Справување со успех-неуспех | Од успех кон неуспех-од неуспех кон успех | Октомври |
| IX | Јас и ти-интерперсонални односи | Давање и примање помош | Посебни потреби | Декември |
| IX | Јас и другите – општествени односи | Познавање на базичните права | Носење ремени | Февруари |
| IX | Јас и здравјето-здраво живеење | Превенција од злоупотреба на на психотропни | Зависности | Април |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | супстанци | | |
| IX | Јас и околината – однос со надворешната средина | Градење позитивен однос кон околината | Рециклираме | Мај |
| VIII | Јас и ти- интерперсонални односи | Давање и примање помош | Посебни потреби | Декември |
| VIII | Јас и здравјето- здраво живеење | Превенција од злоупотреба на на психотропни супстанци | Зависности | Април |
| VIII | Јас и околината – однос со надворешната средина | Градење позитивен однос кон околината | Рециклираме | Мај |
| VIII | Јас и здравјето- здраво живеење | Превенција од злоупотреба на психотропни | Зависности | Април |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | супстанци | | |
| VII | Јас и другите општествени односи | Градење позитивен однос кон својата земја | Македонија | Февруари |
| VII | Јас и другите општествени односи | Почитување на другите недискриминација | Автомеханичарки | Декември |
| VII | Јас и другите општествени односи | Мегусебно подржување и соработка | Како што е во мене така е кај тебе | Декември |
| VII | Јас и другите општествени односи | Познавање на структурата на групата | Секој има своја функција | Јануари |
| VII | Јас и другите општествени односи | Донесување на одлуки во група и разбирање на демократијата | Кампување | Февруари |
| VI | Јас личен развој | Самодоверба | Јас можам | Септември |
| VI | Јас и другите општествени | Познавање на базични човекови | Права и одоговорности | Декемеври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | односи | права | | |
| VI | Јас и другите општествени односи | Донесување одлуки во групата | Моја одлука, твоја одлука | Јануари |
| VI | Јас и другите општествени односи | Одолевање на социјалани притисоци | Прифатливо и не прифатливо однесување | Февруари |
| VI | Јас и другите општествени односи | Градење позтивен однос кон својата земја | Претставија ја Македонија | Февруари |

# Реализиран проект во одделенска настава

| Одд. | Реализирана активност | Статус на реализирано |
|---|---|---|
| II | Планирање и селекција на работилниците<br>1,Работилница:Не ми е убаво кога...<br>2.Работилница:Кога грешам.<br>3.Работилница:Насилство-стоп<br>4.Работилница:Кога и од кого можам да побарам помош<br>5.Работилница:Конфликт лево,кофликт десно.<br>6. Работилница:Моите обврски во семејството<br>7. Работилница:Размисли пред на направиш нешто<br>8. Работилница:Децата од нашето одделение<br>9. Работилница:Зборување зад грб<br>10. Работилница: Моите потреби твоите потреби<br>11. Работилница:Од што се плашиме<br>12. Работилница:Од грешките се учи | Септември 2024<br>Февруари 2025<br>Март 2025<br>Април 2025 |

| | | |
|---|---|---|
| III | Планирање и селекција на работилниците<br>Работилница:Секое дете има право на приватност.<br>Работилница:Приказна за раѓањето<br>Работилница:Твојте потреби-мојте потреби<br>Работилници:Направи својот отпетачок<br>Работилница:Квиз –традиционални храни во Р.Македонија<br>Работилница:Со труд до успех<br>Работилница:Заедно одлучуваме<br>Работилница:Насилство-Стоп! | Септември 2024<br>Ноември 2024<br>Февруари 2025<br>Мај 2025 |
| IV | Планирање и селекција на работилниците<br>Работилница:Препознавања чуства.<br>Работилница:Загубата на зајакот Зозо<br>Работилница:Дел по дел сложувалка<br>Работилница:Со кафеави очи или без.<br>Работилница:Претстави ја Македонија | Септември 2024<br>Октомври 2024<br>Март 2025<br>Март 2025<br>Мај 2025 |
| V | Планирање и селекција на работилниците<br>Работилница:Цвеќе на пријателство | Септември 2024<br>Ноември 2024 |

| | | |
|---|---|---|
| | Работилница:Зошто лажеме<br>Работилница:Извор на конфликтите<br>Работилница:Храна, облека или книги<br>Работилница:Права и правила | Ноември 2024<br><br>февруари 2025<br>март 2025 |

ЕКО – Генералка викенд – реализирана во период од 9-11 мај 2025 год.

- Презентација за селектирање на отпад од страна на претставници на рудникот Бучим , која се одржа на 23.01.2025год.

**15. Поддршка на учениците**

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на изработува полугодишен и годишен извештај, како и извештај за успехот на учениците на крајот на учебната година, споредбени резултати со претходните години. Училиштето прави споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик. Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го прави врз основа на своите индивидуални планирања. Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето. За мотивација на учениците се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавност, на Facebook страната на училиштето, веб-страница на училиштето, веб-страница на општината. Голема поддршка на учениците од најмала возраст дава и Детската

организација која со својата работа има за цел да се грижи за создавање услови за сигурно и весело и безбедно детство на учениците за време на престојот во училиште и надвор од него. Успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија и наставен јазик е прикажан во табелите од статистичкиот преглед.

### 15.1 Извештај за постигнување на учениците

Во текот на учебната година учениците од IV ,V, VI, VII, VIII и IX одделение учествуваа на општински , регионални и државни натпревари од повеќе предмети на кои ги освоија следниве награди.

| Општински натпревар | Регионални натпревари | Државни натпревари |
|---|---|---|
| **Англиски јазик**<br>- едно III место и пофалница<br><br>**Математика** – II награда, пофалница | **Англиски јазик** – III награда<br><br>**Германски јазик** – I награда, II награда, III награда и III награда<br><br>**Македонски јазик и литература** – I место, II место и две III места, | **Македонски јазик и литература**<br>- II награда и пофалница<br>**Германски јазик**-три II награди |

### 15.2 Извештај за професионална ориентација на учениците

Во оваа учебната година во ООУ Коста Рацин с.Подартеш, со учениците беше спроведен прашалник за професионална ориентација кај учениците со цел давање помош и насочување на учениците кон идно занимање. По спроведениот

прашалник со учениците е обавен разговор за нивните интереси и способности за испитување на професионална ориентација, исто така на секој ученик од 9 одд. од страна на Педагогот му беше дадено препорака за запишување во средно образование. Разговарано е за  средните училишта и дадени им се насоки за понатамошно образование.

 Училиштето соработува и со други институции како што е МОН, ДПИ со што испраќа извештај за запишани ученици во средни училишта.

### 15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации

.. Во текот на оваа учебна година се реализираа: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност).

Во училиштето продолжи реализацијата на програмите за „Превенција од насилно однесување“, „ Превенција од болести на зависност- СИДА“ и „Превенција од сексуална злоупотреба“, кои ги реализираше педагогот на училиштето со учениците од 9 одд, а во соработка со одделенските раководители. Во оваа учебна година се реализираше работилница на учениците од 7 одд од страна  на наставникот по информатика и педагогот ,на тема Онлајн безбедност

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценување

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците беа оценети описно и бројчано според три периоди.

Зависно од периодот во кој се наоѓаа учениците истите беа оценети описно , комбинирано и бројчано.

Учениците во првиот период ( I-III одделение) беа оценети со описни оценки. Со описното оценување се даде приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците во вториот период( IV-VI одделение) беа оценети со описни и бројчани оценки. На крајот од првото полугодие учениците од вториот период се оценети со описни оценки, а на крајот на годината со бројчани оценки.

Учениците кои се опфатени во третиот период( VII – IX одделение) се оценети само со бројчани оценки. Секој наставник водеше досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел континуирано да се следат знаењата на учениците и формирање објективна оценка.

Наставниците користеа разни методи , техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците за креиеарње описни и бројчани оценки. Следењето на напредокот и проверувањето на постигнувањата на учениците се вршеше преку континуирана примена на следниве методи : фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, дијалошки, илустративен, демонстративен, метод н апрактична работа, метод на експериментирање, метод на набљудување, истражување, презентација, аудио-визуелен, текст метода, усно излагање со демонстрација, работа во групи, изведбена активност, експериментирање и проектна активност.

Форми и постапки за формативно оценување кои наставниците ги применуваа, аимаат за цел да придонесат за подобрување на постигнувањата на учениците. Усно и практично оценување преку презентација, говорни вежби, усни одговори на пршања поставени од наставникот, разговор со учениците, чек листи, усно излагање со демонстрација, чек листа за усна презентација, водење на развојно и аналитичко портфолио.

### 16.2 Извештај на тимот за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот, стручната служба и училишниот тим за оценување. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да ги следеше имплементирањето на стандардите и критрериумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководителите на паралелките ги известуваа родителите за успехот на учениците најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по

денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците. Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои  им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди (тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваа редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки, листи за проверка, коментари и сл.). Педагогот изготвува извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија, предмети

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и стручната служба во текот на учебната година извршија увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Посебен акцент оваа учебна година беше ставен во следењето на реализирање на наставата и работата  до шесто  одделение. Исто така континуирано се вршеше  увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето  се врши  на крајот на секоја втора наставна година. Самоевалуацијата која опфаќа седум области ја спроведе  училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот беа  формирани од  Училишниот одбор.  Во текот на претходниот период се организираше конститутивен состанок за отпочнување на Самоевалуацијата за наредните две учебни години 2024 и 2025 година, беше направена структура на тимови поделени во седум подрачја и е започната подготвителната фаза каде се врши определување на методите, техниките и инструментите за самоевалуација, се прибираат и групираат податоците за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето изготви скици на ООУ„Коста Рацин“ на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси и други непогоди). Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош. Согласно Законот за заштита и здравје при работа направени се проценки за безбедноста на работните места на вработените во училиштето односно ризикот како и безбедносните мерки за елеминирање на штетите и опасните последици. За таа потреба и цел вработените имаат уверение и посетуваа соодветна обука. За поголема безбедност, училиштето е обезбедено со видео надзор.

## 18. Грижа за здравјето на учениците

Училиштето во текот на учебната 2024/25 год. водеше грижа за здравјето на своите ученици. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води на три нивоа: физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести,

- прва помош, физичка активност; ментално здравје кое го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот
- социјално здравје кое ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Годишен извештај за работата на Подмладок на Црвен крст за учебната 2024/2025 година. Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците се реализираа во наставата во текот на учебната година, преку предавања, презентации, работилници, брошури и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица (соработка со Црвен крст).

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал и вработените во училиштето. Преку редовни училишни екоакции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење. Ходниците, тоалетите, училниците, се чистат, дезинфицираат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена.

### 18.2. Систематски прегледи

Училиштето во текот на учебната година соработуваше со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон. Училиштето задолжително го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски и стоматолошки прегледи, кои се реализираа без да се попречува наставата и во придружба на класниот раководител.
Активностите за грижа за здравјето на учениците се реализираат на одделенскиот час, на слободните ученички активности, на посебни предавања, прегледи и сл.

Во зависност од возраста на учениците во Здравен дом- Радовиш беа извршени :

- редовни задолжителни општи систематски прегледи за учениците од I, III, V, VII одделение
- редовни задолжителни стоматолошки прегледи за учениците V одделение.

### 18.3. Вакцинирање

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците  која се реализира во здравствената установа Здравен дом - Радовиш   во придружба на родителите.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана

Во текот на учебната година, училиштето континуирано реализира едукација и активности за здрава храна, преку редовни наставни содржини, како и преку соработка со стручни лица во вид на предавања, работилници, презентации. Овие активности  имаат  за цел подигање на свеста и едукација на учениците за здрава исхрана.

- Беше реализирана работилница за здрава храна во IV одд од страна на педагогот и одделенскиот наставник на 28.03.2025год.

## 19. Училишна клима

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима. Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (вработените, учениците и родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

### 19.1. Дисциплина

Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор). Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. За надминување на

проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик стручен соработник, а по потреба и советување со родители од страна на стручните соработници, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. На секој квартал од учебната година се изрекуваат и се евидентираат по потреба на учениците. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници водат евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

Годишен извештај за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето во учебната 2024/2025година

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализациј | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на училиштето Подготовки за почеток на новата учебна година и приемот на првачиња | Естетски функционално уредување на училиштето, и поттикнување на учениците за истото | Август 2024 год. | Хамери, листови во боја, принтер,стиропор, паноа, фотографии, изработки | Поттик и позитивна атмосфера кај првачињата |
| Хортикултурно уредување на училипниот двор | Уредување на училишниот двор по повод ДЕН на екологијата. | 21.03.2025 год. | Засадување на цветни расади во училишниот двор | Поттик и позитивна атмосфера во училиштето |

**19.3. Етички кодекси**

Во рамките на своето работење, училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса. Училиштето има изготвено и Еко-кодекс, кој содржи еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина, ја дефинира целата мисија на училиштето и го претставува правилникот на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и е видно изложен.

### 19.4. Односи меѓу сите структури

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби.  Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи  ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор. За подобрување на комуникација  исто така се организираат состаноци.

## 20. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар

На почетокот од учебната година тимот за професионален развој ги разгледа извештаите на наставниците за личниот професионален развој и ја утврди состојбата на реализираниот професионален развој, т.е. утврди колку од личните планови на наставниците се реализирани целосно, делумно или не се реализирани и врз основа на тоа им даде насоки на наставниците од одделенеска и од предметна настава да се изработат лични планови за професионален развој за учебната 2024/25 година.

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Стручната служба на училиштето  води професионално досие за секој наставник. Тимот за професионален развој изготви програма за професионален развој за тековната учебна година врз основа на потребите на

наставниците. Наставниците и стручните соработници редовно беа упатувани на обуки  и семинари кои се одобрени и организирани од МОН и БРО, а потоа  редовно се вршеа дисеминации од обуките и семинарите на наставниците кои не беа на обука или семинар.

### 20.2. Активности за професионален развој

Се посетија обуки организирани од МОН, БРО како и надлежните установи:

- Професионална соработка на наставниците ( стручни активи, заедници за учење, менторство) одржана од Ц.Е.С. Академија
- Обуки за наставниците за планирање и реализирање на наставата во учебната 2024/2025 год. согласно новите наставни програми за VII одд одржани во јуни и почетокот на јули 2025 год;
- Обука за креирање на објективни тестови на знаење;
- Обука за нови наставни програми по англиски јазик за VII одд;

### 20.3. Личен професионален развој

Личниот и професионален развој на наставникот се следеше преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот кој се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето. Секој наставник водеше сопствено професионално досие за чија контрола беа задолжени  директорот, стручниот соработник, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Наставниците посетуваа семинари, обуки, семинари, вебинари, меѓусебни посети на часови и консултации, интерни обуки и работилници заради стекнување на нови искуства и сертификати.

## 20.4. Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата се вршеше преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и отворени часови и нагледни часови. Воедно сите дисиминации од посетените обуки, семинари допринесоа во споделувањето на стекнатото знаење и вештини. Главен акцент оваа година се постави на размената на професионално искуство.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште. Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот / стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/ стручен соработник - ментор и наставник/ стручен соработник-советник.

Воспитно- образовниот кадар во училиштето е запознаен од страна на педагогот со:

- Професионалните стандарди за наставник-ментор;
- Професионалните стандарди за наставник-советник;
- Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот.

Во текот на второто полугодие Општина Радовиш објави конкурс за избор на најдобар наставник во категорија на предметен и одделенски наставник, на кој за најдобар наставник во одделенска настава беше избрана Наставничката Силвана Јанкова, а за најдобар наставник во предметна настава беше избрана наставничката Анета Илкачева– наставник по германски јазик.

## 21 Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето во текот на оваа година се одвиваше на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку индивидуални средби, разговори и родителски средби. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Се организираа отворени денови за средби со родители, како и приемен ден на училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

Во текот на учебната година родителите континуирано и непосредно се вклучуваа во училиштето во секој сегмент, како и во процесот на учење. Преку родителските и индивидуалните средби, работилниците со родители, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор, редовно се информираа за наставниот процес од страна на директорот, наставниците и стручните соработници. Се реализираше соработка со родителите за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици. Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите, тие се вклучуваа во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, проекти, спортски настани, прослави, приредби, изработка на нагледни активности и др.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се реализираше преку Советот на родители, реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручниот соработник и наставниците во текот на учебната година спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци, изречени педагошки мерки, како и оние кои имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известуваше и едуцираше родителите преку Facebook, соопштенија, брошури, флаери и групни и индивидуални средби. Училиштето формираше тим за подготовка и реализација на брошура за родители, со информации за позначајните содржини на Годишната програма за работа на училиштето, мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за тековната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### Локална заедница

Со цел поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, во текот на оваа учебна година беа планирани состаноци, презентации, разни средби, дебати, трибини и посети на институции. Училиштето соработуваше со Општината при реализација на разновидни активности: реализација на Еко-програмата, разни собири и здружувања за одредени спортски активности, проекти, отворени денови.

**Институции од областа на културата**

Учениците континуирано учествуваа на литературни и ликовни конкурси, додека во планирањата на наставниците беа планирани и организирани посети на музеи, изложби, културно-историски споменици, библиотека.

**Институции од областа на образованието**

Училиштето во оваа учебна година имаше соработка со: - МОН при доставување на Годишната програма на училиштето, Годишниот извештај за работата на училиштето и тековна соработка при воведување и реализација на сите промени, укажувањата и новините кои произлегуваат од министерството - БРО за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и др. - општинскиот инспектор и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни настани - основните училишта за наставни и воннаставни активности (спортски натпревари и натпревари од други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, проекти, конкурси и др.)
Спортски друштва:
Во рамки на училиштето работеше училишен спортски клуб УСК „Коста Рацин“ Подареш и активно се вклучуваше во сите општински лиги организирани во текот на годината.

**Здравствени организации**

За грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените и за реализација на програмата „Грижа за здравјето на учениците“, училиштето има соработка со: Здравствениот дом Радовиш и Штип.

**Медиуми**

Промоцијата на училиштето оваа учебна година се вршеше преку соработката со најразлични печатени и електронски медиуми. Поважните активности од наставната и воннаставната работа се објавуваа на FB-профилот на училиштето

**Годишен извештај за соработката со локалната средина за учебната 2024/2025 година**

| Задача и цел | Активности | Време на реализација Реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи | Форма на реализација: групна/ индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднодневен излет од наставно - научен карактер во излетничко место Воденица | Запознавање на учениците со природните убавини, развој на свеста за зачувување на природата и околината | 07.11.2024 год.<br><br>02.05.2025 год. | ООУ„Коста Рацин“ | / | Зголемување на свеста кај учениците за значењето на физичката активност, здрави навики, како и за зачувувањето на природата | групна |
| Учество на ученици од нашето училиште во одбележување на денот на Панче Пешев | оПеење на македонската химна и читање на поезија | 05.06.2025 год. | Избрани ученици од предметна настава и Хор | Блок флејта, литература | Позитивна емоција | Групна |

**23. Извештаи за работата на:**

- Педагог
- Директор
- Училишен одбор
- Совет на родители
- Наставнички совет
- Стручни активи
- Одделенски совет
- Ученичка заедница

- Извештаи за ескурзии
- Извештај за Библиотека

**АНАЛИЗА НА ПОСТИГНАТИОТ ГОДИШЕН УСПЕХ ВО УЧЕБНАТА 2024/25 година**

**Среден успех по одделенија со споредбени показатели:**

| Одделенија | 2024/25 | 2023/24 |
|---|---|---|
| I одд. | **/** | / |
| II одд. | / | / |
| III одд. | / | / |
| IV одд. | 4.39 | 4,28 |
| V одд. | 4.36 | 4,41 |
| **I-V одд.** | **4.38** | **4,35** |
| VI одд. | 4.29 | 4,62 |
| VII одд. | 4.68 | 4,30 |
| VIII одд. | 4.46 | 4,44 |
| IX одд. | 4.63 | 4,74 |
| **VI-IX одд.** | **4.52** | **4,53** |
| **I-IX одд.** | **4.45** | **4,44** |

Согледувјки го и анализарајки постигнатиот успех на учениците по одделенија на крајот од учебната година може да се констатира следното:

- Успехот во сите одделенија и на ниво на училиште е ист како и постигнатиот успех од минатата учебна година на крајот. Има зголемување или намалување на успехот во рамките на истата оцена во одредени одделенија.
- Успехот на ниво на училиште е **мн.добар – 4.45**
- На крајот од учебната 2024/25 година, сите ученици во училиштето ги завршуваат одделенијата, нема ученици со единици кои се упатуваат на дополнителна настава и поправен испит.

**Среден успех по предмети со споредбени показатели:**

| Ред. бр. | IV и V одделение | 2024/25 | 2023/24 | Ред. бр. | VI - IX одделение | 2024/25 | 2023/24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | 4.05 | 3,97 | 1. | Македонски јазик | 3,78 | 3,76 |
| 2. | Англиски јазик | 3.95 | 3,69 | 2. | Англиски јазик | 3,91 | 4,03 |
| 3. | Математика | 4.10 | 4,11 | 3. | Германски јазик | 3,94 | 3,92 |
| 4. | Природни науки | 4.01 | 4,36 | 4. | Математика | 4,26 | 4,04 |
| 5. | историја и општество | 3.96 | 4,02 | 5. | Историја | 4,83 | 4,83 |
| 6. | Техничко обр. и информатика | 4.69 | 4,73 | 6. | Модул- историја | / | 4,81 |
| 7. | Ликовно образов. | 4.69 | 4,69 | 7. | Географија | 4,56 | 4,60 |
| 8. | Музичко образов. | 4.46 | 4,55 | 8. | Модул- географија | / | 4,50 |
| 9. | Физичко образов. | 4.82 | 4,91 | 9. | Природни науки | 4,11 | 4,53 |
| | | | | 10. | Етика | 5,00 | 4,53 |
| | | | | 11. | Граганско образование | 4,74 | 4,80 |
| | | | | 12. | Модул- граганско образование | / | 5,00 |
| | | | | 13. | Биологија | 4,87 | 4,73 |
| | | | | 14. | Физика | 4,42 | 4,44 |
| | **Изборен предмет** | | | 15. | Хемија | 4,76 | 4,77 |
| | | | | 16. | Ликовно образование | 4,82 | 4,93 |
| 1. | Готвење | 4,70 | | 17. | Музичко образование | 4,68 | 4,86 |
| 2 | Справување со прир. Катастрофи | | 4,00 | 18. | Физичко и здра.образование | 4,97 | 4,99 |
| 3. | Фигури од хартии- оригамии | 4,82 | 4,50 | 19. | Техничко образование | 4,50 | / |
| 4. | Сликање, цртање, вајарство | 4,64 | 4,18 | 20. | Модул- ТО | / | 4,94 |
| 5. | Народни ора и танци | 4,70 | 4,88 | 21. | ТО и инф.(информатика- М) | / | 4,19 |
| | | | | 22. | Информатика | 4,36 | 3,87 |
| | | | | 23. | Иновации | 4,95 | 5,00 |

| | | | | | Изборни предемти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1. | Мултикултурни работилници | 5,00 | |
| | | | | 2. | Проекти на ликовна уметнос | 5,00 | 5,00 |
| | | | | 3. | Танци и нар ора | 5,00 | 4,92 |
| | | | | 4. | Театар на емоции | 5,00 | |
| | | | | 5. | Образование за жив. вештини | 5,00 | |
| | | | | 6. | Поезија | 4,86 | |
| | | | | | | | |

Анализарајќи го постигнатиот успех на учениците по предмети за крајот на учебната година може да се констатира следното:

- Има вариации во нагорна и надолна линија на успехот кај сите предемти од 4 и 5 одделение но оцената е иста мн. добар 4..
- Кај предметите од 6 до 9 одделение има кај повеќето од предметите вариации во рамките на истата оценка.

| VI - IX одделение | 2024/25 | 2023/24 |
|---|---|---|
| **Јазична група предмети** | 3,87 | 3,90 |
| **Природна група предмети** | 4,49 | 4,51 |
| **Општествена група предмети** | 4,85 | 4,82 |
| **Вештини** | 4,92 | 4,96 |
| **Технички науки** | 4,72 | 4,71 |
| **Информатички науки** | 4,01 | 4,22 |

Во споредба со минатогодишниот успех по група предмети од 6 до 9 одделение има варијации на успехот во рамките на истата оцена мн.добар- 4, а исто така се забележува и кај одредена група на предмети одличен успех. Кај природната група на предмети имаме намалување на оцената од минатата година од 5 на 4.

| IV – V одделение | 2024/25 | 2023/24 |
|---|---|---|
| **Јазична група предмети** | 4,00 | 3,83 |
| **Природна група предмети** | 4,05 | 4,23 |
| **Општествена група предмети** | 3,96 | 4,02 |
| **Вештини** | 4,69 | 4,53 |
| **ТО и информатика** | 4,69 | 4,73 |
| **/** | / | / |

Во спредба со минатиот годишен успех по група предмети од 4 и 5 одделение има благо зголемување и намалување кај одредени групи од предмети, но во рамките на истата оценка мн.добар - 4

| **Одде ле ние** | **Среден успех по одделенија** | | **Единици по одделенија** | | **Број на ученици по одделенија** | | **Просек-единици по ученик** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Крај учебна-2024/25 | крај учебна – 2023/24 | Крај учебна-2024/25 | крај учебна – 2023/24 | Крај учебна-2024/25 | крај учебна – 2023/24 | Крај учебна-2024/25 | крај учебна – 2023/24 |
| IV | 4,39 | 4,28 | / | / | 20 | 11 | / | / |
| V | 4,36 | 4,41 | / | / | 11 | 17 | / | / |
| IV-V | **4,38** | **4,35** | **/** | / | **31** | **28** | / | / |
| VI | 4,29 | 4,62 | / | / | 18 | 16 | / | / |
| VII | 4,68 | 4,30 | / | / | 14 | 15 | / | / |
| VIII | 4,46 | 4,44 | / | / | 15 | 20 | / | / |
| IX | 4,63 | 4,74 | / | / | 20 | 19 | / | / |
| **VI-IX** | **4,52** | **4,44** | **/** | **/** | **67** | **70** | **/** | **/** |

Погоре табела ни покажува дека средниот успех по одделенија на крајот на учебната година во споредба со минатa учебна година е со варијации во сите одделенија, освен во шесто каде има намалување од 5 на 4, а кај седмо одделение имаме покачување на една оцена погоре во одличен 5.

Кај останатите одделениа сепак е во рамките на 4, а единици на крајот од учебната година нема во ниедно одделение. Тоа покажува дека успехот е ист во однос на успехот на крајот од минатa учебна година, во разлика само во некои децимали.

| Одд. | Среден успех по одделенија | | | | Единици по одделенија | | | | Број на ученици по одделенија | | | | Просек по ученик Единици | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - триме. 2024/25 | I- полуго. 2024/25 | III- триме. 2024/25 | Крај на учебна 2024/25 | I - триме. 2024/25 | I- полуго. 2024/25 | III- триме. 2024/25 | Крај на учебна 2024/25 | I - триме. 2024/25 | I- полуго 2024/25 | III- триме. 2024/25 | Крај на учебна 2024/25 | I - триме. 2024/25 | I- полуго 2024/25 | III- триме. 2024/25 | Крај на учебна 2024/25 |
| IV | / | / | / | 4,39 | / | / | / | 0 | / | / | / | 20 | / | / | / | 0 |
| V | / | / | / | 4,36 | / | / | / | 0 | / | / | / | 11 | / | / | / | 0 |
| IV-V | / | / | / | **4,38** | / | / | / | **0** | / | / | / | **31** | / | / | / | 0 |
| VI | / | / | / | 4,29 | / | / | / | 0 | / | / | / | 18 | / | / | / | 0 |
| VII | 4,31 | 4,46 | 4.51 | 4,68 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 | 14 | 14 | 14 | 0,00 | 0 | 0 | 0 |
| VIII | 3,86 | 4,17 | 4.16 | 4,46 | 7 | 2 | 1 | 0 | 15 | 15 | 15 | 15 | 0,46 | 0,13 | 0.06 | 0 |
| IX | 4,16 | 4,35 | 4.39 | 4,63 | 9 | 6 | 7 | 0 | 20 | 20 | 20 | 20 | 0,45 | 0,3 | 0.35 | 0 |
| **VI-IX** | **4,11** | **4,33** | **4.35** | **4,52** | **16** | **8** | **8** | **0** | **49** | **49** | **49** | **64** | **0,32** | **0,16** | **0.16** | **0** |

Од следната табела се забележува дека, за средниот успех на крајот од учебната година по одделениа во однос на, полугодието и третото тримесечие е **поголем** во сите одделенија во рамиките на истата оцена, а кај седмо и деветто одделение се забележува одличен успех. Бројот на единицте по одделенија е **намален** во однос на сите периоди во учебната година и на крајот од учебната година нема ниту една единица. Тоа покажува дека успехот е зголемен во однос на првото, третото тромесечие и полугодието.

## Општ успех на учениците по одделенија

| Општ успех на крајот од учебната 2024/25 година | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одд.** | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | |
| | **Одлични** | | **мн.добри** | | **добри** | | **доволни** | | **со 1 сл.** | | **со 2 сл.** | | **Повторувачи** | |
| | **М** | **Ж** | **М** | **ж** | **м** | **ж** | **М** | **ж** | **М** | **Ж** | **М** | **ж** | **м** | **Ж** |
| IV | 4 | 8 | 4 | 1 | | 2 | 1 | | | | | | | |
| V | 4 | 3 | 1 | | 2 | 1 | | | | | | | | |
| VI | 1 | 9 | 5 | | 3 | | | | | | | | | |
| VII | 2 | 9 | 2 | 1 | | | | | | | | | | |
| VIII | 3 | 6 | 3 | 2 | 1 | | | | | | | | | |
| IX | 3 | 13 | 2 | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **17** | **48** | **17** | **5** | **6** | **4** | **1** | | | | | | | |
| | **65** | | **22** | | **10** | | **1** | | | | | | | |

Од оваа табела за општ успех на учениците на крајот од учебната 2024/25 година, може да се констатира следното:
**сите ученици во сите одделенија се без слаби, најмногу ученици се со одличен успех, па потоа мн. добар успех**, **со добар и има само еден ученик доволен успех. Описно оценети се 37 ученика од I-III одделение**. Сето ова може да се виде од горната табела.

## НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ И ОДДЕЛЕНИЈА НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ

| **Одд** | **Најнизок успех по предмети** | | **Највисок успех по предмети** | |
|---|---|---|---|---|
| | крај учебна – 2024/25 | Крај учебна-2023/24 | крај учебна – 2024/25 | Крај учебна-2023/24 |
| IV | Англиски јаз. 3,90 | Англиски јаз. 3,91 | ФЗО. 4,90 | ФЗО. 4,82 |
| V | Природни науки и историја и општество 3,91 | Англиски јаз. 3,47 | Техничко и фигури од хартија 4,82 | ФЗО. и Тех.и инф. 5,00 |
| VI | Македонски јаз. 3,33 | Германски јаз. 4,00 | Театар на емо. и обр. на животни вештини 5,00 | Изб., муз/физ/лик. 5,00 |
| VII | Англиски јаз. 4,07 | Македонски јаз. 3,60 | По повеќе предмети 5,00 | ФЗО. 5,00 |
| VIII | Германски јаз. 3,67 | Македонски јаз. 3,60 | П. на лик/ФЗО/ Лик. 5,00 | Проек. на лик/ФЗО. 5,00 |
| IX | Македонски јаз. 3,70 | Македонски јаз. 3,79 | Танци и ора/ФЗО/лик. 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |

Од анализираниот успех во целина  на крајот од учебната 2024/25 година  во споредба со успехот на крајот од учебната 2023/24 година, може да се констатира  следното:  оваа учебна година предемти со најмал успех по одделенија се англиски, македонски јазик и германски јазик, природни науки и историја и општество, а додека минатата учебна година ни биле само јазиците.

Значи доминираат јазичната група  премети, секако тоа е факт дека за учениците потешки предмети за совладување се предметите од јазичната група.

Како полесни за совладување се предметите од вештини, каде не е потребно толку многу умстевано ангажирање потребни се вештини и сигурно дека и оценувањето е реално според постигањата на учениците. Најниските оцени се добиени од предметот македонски  јазик во 6 одд, со резултат 3,33.

| Одд. | Најнизок успех по предмети | | | | Највисок успех по предмети | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-тримесечие 2024/25 | Полугодие 2024/25 | III-тримесечие 2024/25 | Крај на учебна 2024/25 | I-тримесечие 2024/25 | Полугодие 2024/25 | III-тримесечие 2024/25 | Крај на учебна 2024/25 |
| IV | / | / | / | Англиски јаз. 3,90 | / | / | / | ФЗО. 4,90 |
| V | / | / | / | Природни науки и историја и општество 3,91 | / | / | / | Техничко и фигури од хартија 4,82 |
| VI | / | / | / | Македонски јаз. 3,33 | / | / | / | Театар на емо. и обр. на животни вештини 5,00 |
| VII | Англиски јаз. 3,57 | Англиски јаз. 3,57 | Англиски јаз. 3,64 | Англиски јаз. 4,07 | ФЗО, лик. обр- 5,00 | Ист/ети/лик/ФЗО 5,00 | ФЗО,ист/лик/мул.раб.- 5.00 | По повеќе предмети 5,00 |
| VIII | Англиски јаз. 3,13 | Мак/анг/математика 3,40 | Англиски јаз. 3,40 | Германски јаз. 3,67 | Проек.на лик. 4,60 | ФЗО 5,00 | Исто/про. на лик умет. -5,00 | П. на лик/ФЗО/ Лик. 5,00 |
| IX | Македонски јаз. 3,25 | Македонски јаз. 3,33 | Македонски јаз. 2,95 | Македонски јаз. 3,70 | Ликовно оба. 5,00 | Лик/ФЗО 5,00 | Инов/Лик.обра. 5,00 | Танци и ора/ФЗО/лик. 5,00 |

Од анализираниот успех во целина на крајот од учебната 2024/25 година може да се констатира дека имаме поправен успех на крајот од годината кај послабите предмети, а тоа ни се предметите од јазици, на почетокот на годината е се биле послаби, но со тек како минува годината се забележубва некое зголемување. Може да се увиде во табелата во внесените вредности, како постепено периодично накачува вредноста. Кај највисок успех по предмети се забележуваат во табелата дека тоа се предметите од групата на вештините и изборните предмети.

Има подобрување на успехот на крајот од учебната година, а секако тоа е факт дека учениците исто работат ( односно не работат континуирано) и оценувањето е реално според постигањата на учениците.

## Анализа на успехот по паралеки, во ОУ со среден успех, број на единици, најнизок и највисок успех по предмети

Споредба по паралелки и одделенија во ОУ ќе дадам само за VII, VIII и IX одделение бидејки другите се описно оценуваат на првото и третото тримесечие, и полугодието, и неможе да се направи реална споредба и анализа на постигнатиот успех. Споредбата од 6 до 9 одделение ќе се направи со постигањата на крајот од учебната 2024/25 година.

| VI одд. ОУ | Среден Успех | | Број на единици | | Најнизок успех – предмет | | Највисок успех - предмет | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 |
| VI[а] | **4,33** | 4.66 | 0 | 0 | Македонски јаз. 3,20 | Германски јаз. 4,00 | ФЗО/театар/жив. вештини 5,00 | по повеќе предмети-5,00 |
| VI[б] | **4,23** | 4.59 | 0 | 0 | Сите јазици 3,50 | Јазици и инф. 4,00 | Муз/театар/жив. вештини 5,00 | по повеќе предмети-5,00 |

На крајот од учебната година во VI одд. Двете паралелки имаат успех мн. добар.
што се гледа дека ваквата состојба е различна со минатата учебна година, каде во претходната година сме имале паралелки со одличен успех на крајот од учебната година.

Единици и оваа учебна година на крајот како минатата година нема. Најниски оцени има по германски јазик и останатите јазици, а највисоки по ФЗО, музичко образование и изборните предмети за 6 одд.

| VII одд. ОУ | Среден Успех | | Број на единици | | Најнизок успех – предмет | | Највисок успех - предмет | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 |
| VII[а] | **4,79** | 4,30 | **0** | 0 | **Англиски јаз. 4,17** | Македонски јаз. 3,60 | **По повеќе предмети 5,00** | ФЗО – 5,00 |
| VII[б] | **4,60** | / | **0** | 0 | **Анг/гер/инф 4,00** | / | **По повеќе предмети 5,00** | **/** |

На крајот од учебната 2024/25 година во 7 одд. паралелката има просек оцена – 5, за оваа година. Единици нема во ниедна пралелка, најниски оцени има по англиски, германски и информатика со мн.добрар 4, а највисоки по повеќе премети.

| VII одд . | Среден успех | | | | Број на единици | | | | Најнизок успех – предмет | | | | Највисок успех - предмет | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - Трим. 2024/25 | I- Пол. 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Три. 2024/25 | I- Пол. 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** |
| VII[а] | 4,49 | 4.60 | 4,65 | **4,79** | 0 | 0 | 0 | **0** | Англиски јаз. 3,67 | Англиски јаз. 3,67 | Англиски јаз. 3,83 | **Англиски јаз. 4,17** | Ист/лик/ фзи/ ана. И читање . 5,00 | Ист/ети/лик/ФЗО/поезија 5,00 | По повеќе предмети 5,00 | **По повеќе предмети 5,00** |
| VII[б] | 4,17 | 4.31 | 4,39 | **4,60** | 0 | 0 | 0 | **0** | Македонски јаз.3,38 | Анг/мак јаз. 3,50 | Англиски јаз.3,51 | **Анг/гер /инф 4,00** | Лик/фзо 5,00 | Ист/ети/лик/ФЗО 5,00 | Ист/лик /ФЗО 5,00 | **По повеќе предмети 5,00** |

На крајот од учебната година во VII одд. имаме две паралелки со одличен успех, што се гледа дека во изминатите учебни периоди имаат варијации на успехот од период во период во истата оцена и накачување кон подобар успех. Единици од табелата забележуваме дека нема во сите периоди од учебната 2024/25 година. Најниски оцени има по англиски, германски и македонски јазик, а највисоки по повеќе предмети на крајот.

| **VIII одд. ОУ** | **Среден успех** | | **Број на единици** | | **Најнизок успех – предмет** | | **Највисок успех - предмет** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 |
| VIII[а] | **4,46** | 4,28 | 0 | 0 | **Германски јаз. 3,67** | Математика 3,40 | **Лик/ФЗО/ проекти на лик. 5,00** | ФЗО и проекти на лик. 5,00 |
| VIII[б] | / | 4,55 | / | 0 | **/** | Германски јаз.3,80 | **/** | ФЗО и проекти на лик. 5,00 |

На крајот од учебната 2024/25 година во 8 одд. имаме само една паралелка, нејзиниот успех е мн. добар, во споредба со ланската година сме имале во оваа одделение две паралелки.

Единици нема. Најниски оцени има по германски јазик, од минатата година се забележува во графата како најниски предмети се биле математика и германски јазик. Највисоки оцени се забележани по ликовно образование, ФЗО, и проекти на ликовна уметнос, а минатата година се биле предметите ФЗО и проекти на лик. образование.

| VIII одд. | Среден успех | | | | Број на единици | | | | Најнизок успех – предмет | | | | Највисок успех - предмет | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** |
| VIII[а] | 3,86 | 4,17 | 4,16 | **4,46** | 7 | 2 | 1 | **0** | Англиски јаз. 3,13 | Мак/анг и математика 3,40 | Англиски јаз. 3,40 | **Германски јаз. 3,67** | Ликовно обр.5,00 | ФЗО 5,00 | Историја и про. на лик. умет. 5,00 | **Лик/ФЗО/ проекти на лик. 5,00** |
| VIII[б] | / | / | / | / | / | / | / | **/** | / | / | / | **/** | / | / | / | **/** |

На крајот од учебната 2024/25 година во 8 одд. имаме само една паралелка која има просек мн. Добар 4.

Во графата за среден успех во табелата можеме да забележиме како по периоди на учебната година има подобрување на успехот.

Единици нема на крајот од учебната година, а во предходните периоди се забележани, и може да се увиде со тек на периодите како се корегираат кон позитивни оцени. Најниски оцени се забележува на почетокот англиски јазик, потоа на полугодие македонски, англиски јазик и математика и на крај година фигурира како најслаб предмет германски јазик.

Највисок успех има постигнато по предметот физичко образование и проекти на лик .уметност со оценка 5,00 одличен.

| IX одд. ОУ | Среден успех | | Број на единици | | Најнизок успех – предмет | | Највисок успех - предмет | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 | **Крај на учебна 2024/25** | Крај на учебна 2023/24 |
| IX[а] | **4,55** | 4,72 | **0** | 0 | **Македонски јаз. 3,30** | Македонски јаз. 3,70 | **Био/инов/лик/ФЗО/ора 5,00** | По повеќе предмети 5,00 |
| IX[б] | **4,69** | 4,75 | **0** | 0 | **Македонски јаз. 4,10** | Македонски јаз. 3,89 | **Ист/лик/ФЗО/ора 5,00** | По повеќе предмети 5,00 |

На крајот од учебната 2024/25 година во 9 одд. Сите паралелки се со среден просек одличен - 5, оваа година. Единици нема во ниедна пралелка, најниски оцени има по македонски јазик исто и претходната година. Највисоки оцени имаме по биологија, ликовно, иновации, ФЗО, народни ора, а минатата година сме имале по повеќе предмети.

| IX одд. | Среден успех | | | | Број на единици | | | | Најнизок успех – предмет | | | | Највисок успех - предмет | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** | I - Трим. 2024/25 | I- Полуг 2024/25 | III- трим. 2024/25 | **Крај на учеб 2024/25** |
| IX$^{а}$ | 3,91 | 4,25 | 4,24 | **4,55** | 7 | 5 | 5 | **0** | Македонски јаз. 2,70 | Македонски јаз-3,00 | Македонски јаз.2,40 | **Македонски јаз. 3,30** | Ликовно обр., иновации 5,00 | Иновации/ лик/ ФЗО 5,00 | Иноваци /лик.уме 5,00 | **Био/инов/лик/ФЗО/ора 5,00** |
| IX$^{б}$ | 4,32 | 4,41 | 4,54 | **4,69** | 3 | 1 | 2 | **0** | Англиски / Германски јаз. 3,40 | Македонски јаз-3,64 | Македонски јаз.3,50 | **Македонски јаз. 4,10** | Ликовно обр. 5,00 | Танци/ФЗО/лик 5,00 | Иноваци /лик.уме 5,00 | **Ист/лик/ФЗО/ора 5,00** |

На крајот од учебната 2024/25 година во 9 одд. двете паралелки имаат среден просек оцена - 5. Во споредба со успехот на периоди од учебната година успехот е следен: во двете паралелки успехот во претходните периоди е мн.добар – 4, а на крајот забележуваме дека тој се накачил на одличен – 5.

Единици на крајот од учебната година нема во ниту една паралелка, а во предходните периоди се забележуваа од графата дека сме имале единици. Најниски оцени на крајот од учебната година има по македонски јазик. Највисоки по биологија, иновации, ликовно, ФЗО и народни ора и танци со одличен 5,00.

**Анализа и споредба на среден успех, број на единици, најнизок и највисок успех по предмети и пол по одделенија**

| **VI-одд. ОУ** | **Среден Успех** | | **Број на единици** | | **Најнизок успех – предмет** | | **Највисок успех - предмет** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | |
| | М | Ж | м | ж | М | Ж | М | Ж |
| VI[а] | 3,85 | 4,81 | 0 | 0 | Македонски јаз. 2,20 | Македонски јаз. 4,20 | Изборни предмети 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |
| VI[б] | 3,62 | 4,85 | 0 | 0 | Сите јазици и при. науки 2,25 | Математика и при. науки 4,50 | Изб. предмети и музичко 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |
| VI-збирно | 3,75 | 4,83 | 0 | 0 | Македонски јаз. 2,22 | Македонски јаз. 4,44 | Театар на емо/ животни веш 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |

Од табелата на крајот од учебната година може да се види дека во сите шесто одделение женските ученици имаат подабар среден успех од машките со среден успех одличен - 5. Во поглед на единиците и кај машките и кај женските ученици немаат единици. А во поглед на предметите со најслаб успех кај машките се предемтот македонски јазик, а кај женските се предметите македонски, математика и природни науки со најниска оцена мн.добар - 4 што не е мала оцена. Висок успех кај машките е постигнато по изборните предмети и музичко образование, а кај женските ученички има одличен успех по повеќе предмети.

| **VII- одд. ОУ** | **Среден Успех** | | **Број на единици** | | **Најнизок успех – предмет** | | **Највисок успех - предмет** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | |
| | М | Ж | м | ж | м | Ж | М | ж |
| VII[а] | 4,64 | 4,86 | 0 | 0 | Јазици и математика 4,00 | Англиски јаз. 4,25 | По повеќе предмети 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |
| VII[б] | 4,25 | 4,71 | 0 | 0 | Јазици/математика/ информатика/ музичко 3,50 | Информатика 4,17 | По повеќе предмети 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |
| VII- Збирно | 4,45 | 4,77 | 0 | 0 | Јазици и математика 3,75 | Англиски јаз. 4,20 | По повеќе предмети 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |

Од табелата дадена погоре за VII одд.на крајот од учебната година може да речеме дека во таа учебна година во нашето училиште имаме кај женските ученички одличен успех, а кај мажите имаме просек мн. добар.

Ученици ја поминуваат оваа година без слаба оцена.

А во поглед на предметите со најслаб успех машките ученици го имаат предметите од јазици и математика со мн.добар успех.

Највискок успех имаме и кај женските и кај машките ученици по повеќе предмети.

| **VIII одд. ОУ** | **Среден Спех** | | **Број на единици** | | **Најнизок успех – предмет** | | **Највисок успех - предмет** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | |
| | М | ж | м | ж | М | Ж | М | ж |
| VIII[а] | 4,17 | 4,71 | 0 | 0 | Германски јаз. 3,14 | Англиски/германски јаз. 4,13 | Ликовно обр./ ФЗО/ проекти на лик. обр 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |
| VIII[б] | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VIII- збирно | 4,17 | 4,71 | 0 | 0 | Германски јаз. 3,14 | Англиски/германски јаз. 4,13 | Ликовно обр./ ФЗО/ проекти на лик. обр 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |

Од табелата на крајот од учебната година може да се види дека  во VIII   одделение женските ученици имаат подабар среден успех- одличен – 5, во однос на машките ученици кои имаат мн.добар – 4 .  Единици немаат ни кај едните ни кај  другите.

А во поглед на предметите  машките се послаби на германски јазик, а кај женските е германски и англиски јазик.

Најдобри предмети кај машките ученици се по ликовна образованиЕ, ФЗО и проекти на ликовно образование, а кај женските имаме одличен резултат по повеќе предмети забележано во дадените информации.

| **IX одд. ОУ** | **Среден Успех** | | **Број на единици** | | **Најнизок успех – предмет** | | **Највисок успех  - предмет** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна 2024/25 | | Крај на учебна  2024/25 | | Крај на учебна  2024/25 | |
| | М | Ж | м | ж | м | Ж | М | ж |
| IX[а] | 4,51 | 4,57 | 0 | 0 | Македонски јаз. 2,67 | Македонски јаз. 3,57 | По повеќе предмети 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |
| IX[б] | 4,04 | 4,86 | 0 | 0 | Македонски јаз. 2,50 | Мак/германски јаз. 4,50 | Ист/лик/ ФЗО/танци и ора 5,00 | По повеќе предмети 5,00 |
| IX-збирно | 4,35 | 4,73 | 0 | 0 | Македонски јаз. 2,60 | Македонски јаз. 4,07 | Ист/лик/ ФЗО/танци и ора 5,00 | Био/инов/лик/ФЗО/ора 5,00 |

Од табелата на крајот од учебната 2024/25 година може да се види дека во деветто одделение женските ученички имаат одличен успех, а додека машките ученици имаат мн. добар успех. Во поглед на едници немаме забележано на крај на година.

Предмет со пониски оцени кај машките и кај женските  ученици е македонски јазик.  За  највисок успех  најдобар кај машките е забележано кај историја, ликовно образование, ФЗО и танци и ора, а додека кај женските се премети биологија, иновации, ликовно образование , ФЗО и народни ора со 5.00.

.

## Анализа и споредба на изостаноците по одделенија во ООУ

| Одд. | Крај на учебна 2024/25 | | | | | | Крај на учебна 2023/24 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оправ дани | неоп рав. | учен. | просек оправ дани | просек неоправдани | **Вкупно просек** | оправ дани | неопр ав | учен. | просек оправ дани | просек неоправдани | **Вкупно просек** |
| I | 97 | *0* | 14 | *6.92* | 0 | 6.92 | 0 | *0* | 8 | *0* | 0 | 0 |
| II | 12 | *0* | 8 | *1.5* | 0 | 1.5 | 0 | *0* | 15 | *0* | 0 | 0 |
| III | 285 | *0* | 15 | *19* | 0 | 19 | 214 | *0* | 20 | *10,7* | 0 | 10,7 |
| IV | 194 | *0* | 20 | *9.7* | 0 | 9.7 | 30 | *5* | 11 | *2,72* | 0,45 | 3,18 |
| V | 377 | *15* | 11 | *34.2* | 1.36 | 35.6 | 0 | *0* | 17 | *0* | 0 | 0 |
| **I-V** | **965** | ***15*** | **68** | ***14.1*** | **0.22** | **14.4** | **244** | ***5*** | **72** | ***3,38*** | **0,06** | **3,45** |
| VI | 325 | *142* | 18 | *18.05* | 7.88 | 25.9 | 216 | *0* | 16 | *13,5* | 0 | 13,5 |
| VII | 407 | *1* | 14 | *29.07* | 0.07 | 29.14 | 508 | *32* | 15 | *33,8* | 2,13 | 36 |
| VIII | 232 | *36* | 15 | *15.4* | 2.4 | 17.86 | 578 | *13* | 20 | *28,9* | 0,65 | 29,55 |
| IX | 771 | *53* | 20 | *38.5* | 2.65 | 41.2 | 488 | *13* | 19 | *25,68* | 0,68 | 26,36 |
| **VI-IX** | **1735** | ***232*** | **67** | ***25.89*** | **3.46** | **29.35** | **1790** | ***58*** | **70** | ***25,57*** | **0,82** | **26,4** |
| **I-IX** | **2700** | ***247*** | **135** | ***20*** | **1.82** | **21.8** | **2034** | ***63*** | **142** | ***14,32*** | **0,44** | **14,76** |

Од оваа споредба и анализа може да се заклучи дека учениците имаат повеќе **оправдани изостаноци – отсутво кое е оправдано и тие по ученик изнесуваат во: 1 одд.6.92, во 2 одд. – 1.5, во 3 одд.-19, во 4 одд.- 9.7, во 5 одд.- 34.2, во 6 одд.- 18.05, 7 одделение- 29.07, во 8 одделение – 15.4, во 9 одделение по- 38.5.** Овие оправдани изостаноци се поради, закаснување, болест на учениците и слични причини.

Додека неоправданото отсуство е помалку и тоа најмногу поради нередовно посетување на учениците на наставата, неоправдано. За овие ученици навремено се известени и родителите се разговараше, причини немаа, едноставно самоволно изостануваа од настава без оправдување. **Просек по ученик на неоправдани изостаноци е : 1 одд.-0,00, во 2 одд. – 0.00, во 3 одд.- 0,00, во 4 одд.- 0,00, во 5 одд.- 1.36 , во 6 одд.- 7.88, 7 одделение- 0.07, во 8 одделение – 2.4, во 9 одделение по- 2.65.**

Од анлизата и споредбата може да се заклучи дека оправданите изостаноци на крајот од оваа учебната година е зголемено во споредба со изостанувањето од минатата учебна година на крајот, оправаданите и просек по ученик се 20.

Што се однесува до неоправданите изостаноци имаме доста зголемување. И во просек неоправдани изостаноци има по 1,82 изостанок секој ученик.

Вкупно просек по ученик на крајот од годината **изостаноците се 21,8** што е дупло повеќе од истиот период минатата од учебната година.

## Анализа на постигнат среден успех по паралелки -најдобра и најслаба паралелка

| **Одд.** | **ОУ и ПУ** | **Среден успех** | **Одд.** | **ОУ и ПУ** | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|
| **IV** | с.Подареш | 4.69 | **V** | с.Подареш | 4.49 |
| | с.Јаргулица | 4,14 | | с.Јаргулица | 4,14 |

| **Одд.** | **Среден успех** | **Одд.** | **Среден успех** | **Одд.** | **Среден успех** | **Одд.** | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VI$^{а}$ | 4,33 | VII$^{а}$ | 4,79 | VIII$^{а}$ | 4,46 | IX$^{а}$ | 4,55 |
| VI$^{б}$ | 4,23 | VII$^{б}$ | 4,60 | VIII$^{б}$ | / | IX$^{б}$ | 4,69 |

Може да се констатира дека **најдобра** паралелка на **ниво** на училиште е **паралелката VII$^{а}$ во с. Подареш**, а паралелка со **најслаб** среден успех е паралелката на **VI$^{б}$** одд .

Од добиените обработени податоци може да се констатира дека **најдобра паралелка** на ниво на училиште **од одделенска настава** е паралелката од **IV одд** во с. Подареш, а паралелка со најслаб среден успех се паралелките на IV и V одд. во ПУ с.Јаргулица.

Во **предметна настава најдобра паралелка на ниво на училиште од** е паралелката VII$^{а}$ одд., а паралелка **со најслаб среден успех е** паралелката VI$^{б}$ одделение.

Од IV одд. подобра е паралелката во с.Подареш;
Од V одд. во училиштето најдобар успех има во паралелката V во с.Подареш, а помал успех во с. Јаргулица;
Од VI одд. во училиштето најдобар успех има во паралелката VI$^{а}$, а VI$^{б}$ паралелка е со послаб успех;
Од VII одд. во училиштето најдобар успех има во паралелката VII$^{а}$, а VII$^{б}$ паралелка е со послаб успех;
Од VIII одд во училиштет имаме само една паралелка;
Од IX во училиштето најдобар успех има има во паралелката IX$^{б}$, а IX$^{а}$ е со послаб успех;

**Анализа - најмногу единици по предмети и паралелки во ООУ**

| VII - одд. ОУ | Предмети-најмногу единици | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I тримесечие 2024/25 | I полугодие 2024/25 | III тримесечие 2024/25 | крај на учебна 2024/25 |
| VII^а | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VII^б | 0 | 0 | 0 | 0 |

| VIII - одд. ОУ | Предмети-најмногу единици | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I тримесечие 2024/25 | I полугодие 2024/25 | III тримесечие 2024/25 | крај на учебна 2024/25 |
| VIII^а | Македонски јаз. -2<br>Англики јаз.-2<br>Германски јаз.-2<br>Математика | Англиски јаз.- 1<br>Математика – 1 | Англиски јаз. -1 | 0 |
| VIII^б | / | / | / | 0 |

| IX<br>одд. ОУ | **Предмети-најмногу единици** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **I тримесечие<br>2024/25** | **I полугодие<br>2024/25** | **III тримесечие<br>2024/25** | **крај на учебна<br>2024/25** |
| **IX[а]** | Македонски јаз.- 2<br>Англикиј јаз.- 2<br>Германски јаз.- 2<br>Математика - 1 | Македонски јаз.- 2<br>Англиски јаз. -2<br>Математика – 1 | Македонски јаз.- 4<br>Математика.- 1 | 0 |
| **IX[б]** | Македонски јаз.- 1<br>Англикиј јаз.- 1<br>Германски јаз.- 1 | Македонски јаз.-1 | Македонски јаз.- 1 | 0 |

На крајот од учебната 2024/25 година единици нема во ниедно одделение и паралека. Значи оваа учебна година нема ученици упатени на дополнителна настава и поправен испит.

Од анализата на постигнатиот успех во сите одделенија се заклучува дека: **учениците од 4 и 5 одд. имаат постигнато мн.добар успех.**

Сите паралелки од **предметна настава**, имаат постигнато **мн.добар и одличен успех,** што значи дека успехот што е постигнат на крајот од учебната година во однос третото тромесечие и првото полугодие од учебната 2024/25 година има подобрување.

Оваа учебна година успехот по предметот македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, математика имаат помал успех но тој е добар 3 и мн.добар 4, одличен успех имаат по вештините и изборните предмети затоа што нетреба учење на материјал и вежбање дома, тука се чувствуват послободни да се изразуваат и ги свакаат и разбираат како рекреација и слободно ги изразуваат своите чуства.

Во однос на успехот машки и женски , женските ученички имаат подобар среден успех во однос на машките ученици .

Изработил: Горан Јанкулов-педагог____________________

ООУ„КОСТА РАЦИН“ с.Подареш-Радовиш
e-mail:  k.racin@yahoo.com



***И З В Е Ш Т А Ј***

**ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ  ПЕДАГОГ  ЗА**

**УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА**

**Јуни, 2025 година**
**с.Подареш**

**Педагог :**
**Јанкулов Горан**

**ВОВЕД**

ООУ „Коста Рацин“ с. Подареш, има едно подрачно училиште од I до V одделение и едно централно деветтогодишно училиште. Вкупниот број оваа учебна година е 135 ученици на крајот од учебната година.

Во училиштето е вработен само еден стручен соработник- педагог, кој е во соработка со вработените на потребното ниво во сите сегменти на работа.

Соработката на педагогот со Директорот на училиштето е на потребното ниво, и тоа во полето на сите подрачја од воспитно-образовниот процес со консултации, договор и заедничка работа. Соработката со наставниците како во одделенска настава така и во предметна настава се одвива добро со заедничко почитување, консултации како за одвивање на наставата така и за напреднувањето на учениците. Соработката и заедничката работа со вработените се одвива на високо ниво секојдневно при реализација на задачите.

Основни извори за подготовка на извештајот за работата на педагогот во училиштето се следните:

1. Евиденциата и документацијата со која се следи реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/25 година;
2. Годишната програма за работа на педагогот за учебната 2024/25 година;
3. Оперативниот план за реализација на Годишната програма за работа на педагогот;
4. Хронолошкиот дневник за работа на педагогот, др. дневници што ги води и др. евиденција и документација што ја води педагогот за својата работа.

***Реализирани содржини и активности согласно Годишната програма за работа на педагогот во училиштето за учебната 2024/25 година:***

I. **Работа со ученици;**
II. **Работа со родители;**
III. **Работа со наставници;**
IV. **Соработка со заедницата;**
V. **Професионален развој и професионална соработка;**
VI. **Аналитичко истражувачка работа;**
VII. **Училишна структура, организација и клима**;

Со започнување на новата учебна 2024/25 година, започна и мојот нов работен почеток како стручен соработник- педагог во ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш.

Првото полугодие од учебната 2024/25 година непречено се одвиваше во училиштето според наставниот план и програма на учулиштето.

Целата наставата се одвиваше со физичко присуство.

## I. Работа со ученици

Во основното училиште педагогот заедно и со надополнување на наставниците ги остварува општите работни задачи се со цел да придонесе активирање и напредување на учениците според нивните можности, искористувајќи ги наставните и надгледните средства во согласност со индивидуалните можности на ученикот и ефикасно организирање на целокупната воспитно-образовна работа на училиштето.

Во текот на првото и второто полугодие се реализираа педагошки работилници со ученици: рализација на Педагошката работилница за HIV /SIDA со учениците од девето одделение, работилница за хигиена, работилница со 6 одд. на тема културно однесување, работилница со 9 одд. во врска со нивната професионална ориентација во понатамошното школување, работилница на тема „ Шетните последици од пушењето“ и работилниците заедно со наставниците поврзани со БРО за секој месец.

Во одржаните работилница ученичките активно учествуваа, се зедоа матреали и слики од работилниците.

Повремено имав советодавни разговори со учениците поради задевања, закачувања меѓу нив и удирања на кои ги подучував и охрабрував ненасилно да ги разрешуваат конфликтите и им давав сугестии како да го решат проблемот со разговор, да направат компромис, да ја согледаат ситуацијата од друга преспектива, да се стават на местото на другиот, да ги разберат туѓите чувства, постапки, намери, цели, да бидат партнери кои ќе го согледаат реално проблемот и ќе го напаѓаат проблемот и бараат решение а не ја повредуваат личноста на другиот, да се обидат да го најдат најдоброто заедничко решение на проблемот.

Во текот на второто полугодие 2024/25 година педагогот работеше со учениците од I до IX одделение и таа работа се состоеше во следното:

Стручниот соработник во текот на учебната година имаше непосредна соработка со наставниците за постигањата и напредокот на учениците.

Континуирано се следеше успехот на учениците - се извршуваа разговори со учениците кои потешко ја следат наставата и учениците кои имаат слаби оцени и за истите се водеше ; разговори со родителите; како и инструктивна помош за организација на процесот на учење, мотивирање и поттикнување.

Во месец мај деветто одд. ги запознав со Конкурсот за средни училишта и разговаравме за нивните намери и интереси за продолжување на образованието.

Во соработка со средни стручни училишта, директорот и одд.раководители им споделивме и флаери на учениците од средни училишта, а исто така и закажавме и се реализираа презентации и претставувања на средни училишта од земјата.

Комисијата за упис на деца во прво одд. т.е. педагогот,  и воспитувач/ одделенски наставник  во месец мај извршија упис на деца во прво одделение, преку непосредна опсервација и разговор со децата и нивните родители, како во централното училиште, така и во подрачното училишта.

Исто така формираавме паралелки и изработив Матични листи за секој ученик.

## II. Работа со родители

Во овој дел од ова подрачје се одвиваше плодна соработка со родителите.

Се водеа и индивидуални советодавно- консултативни разговори со родители на нивно барање за одреден проблем или на покана од страна на педагогот и одд. раководител доколку увидевме потреба.

Посебна и честа соработка имавме со родителите на учениците кои на почетокот на второто полугодие од учебната година потешко напредуваа и се адаптираа на  наставата, или  неактивни на часот.  Заеднички се договаравме за поедини активности кои треба да ги преземе родителот, наставникот, и педагогот.

Соработката со родителите беше почесто индивидуална во врска за учениците кои имаат послаби резултати во учењето, неправилно однесување спрема учениците и наставниците, во однос на кодексот на однесувањето во училиштето при онјлај наставта.

Соработка со родителите имаше и при уписот на децата во прво одделение, и  информирање на родителите за подготвеноста за тргнување на училиштето.  Доколку при упис на  детето не се добие медицинска белешка за дека детето може да посетува училиште, се укажува на родителот да се изврши проценка од страна на стручнен тим – стручно тело за функционална проценка  и истото издаде наод и мислење според МКФ-10. Беше укажана можноста на родителите кои имаат ученици со потешкотии во изговарање на некои гласови да посеттат логопед

Индивидуални средби со  родителите -  чии деца потешко ја следат наставта на кои им беше објаснето за слабиот успех на нивните деца и потребата од индивидуална работа со нив (од страна на наставниците и работа на родителот дома со детето) за да можат делумно да ги совладаат наставните содржини. Во текот на второто полугодие од учебната година имаше  индивидуални средби со родители  на деца кои имаат проблем со однесувањето  во однос со изостанување од настава.

## III. Работа со наставници

Во текот  на второто полугодие  се водеа педагошко-консултативни разговори со  наставниците .

Работев и за неоправданото отсуство на учениците поготово кои почесто не се вклучуваа на наставта, се  повикуваа  родителите за разговор.

Се констатира дека во паралелките има работна атмосвера за реализирање на наставата се реализираа планиреаните активности, а имаше до некаде помала активност од поедини  ученици  на  часовите.

Работев со наставниците во врска со нивните планирања за наставата исто така бев во прво полугодие на увид на наставен час кај одредени наставници.

Работев со наставниците и други работи за кои бев консултиран. Известувања на наставниците за организирање и учество на натпревари по добиени известувања до училиштето, за навреме да се пријават учениците и да учествуваа на истите.

Во месец мај и јуни заедно со Директорот во соработка со одделенските раководители и наставниците кои беа назнашени да ги водат изборните предмети, работев за изборот и понудата на изборните предмети во IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение и начинот на запознавање на родителите со програмите на изборните предмети и определување за оној кој имаат интерес нивните деца. Анкетата се спроведуваше преку наставниците според дадената постапка од Водичот за изборни предмети според новата концепција. Така што на секој ученик му беа дадени две анкетни ливчиња според Водичот, и можност дали самостојно или со својот родител да одлучи за кој изборен предмет ќе се одлучи.

Во текот на второто полугодие во учебна година се водеа педагошко- консултативни разговори и работа со наставниците за ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето и кои имаат однесување кое не е во склад со педагошките норми на училиштето.

Соработував со наставниците за водењето и поплнувањето на професионалното досие за секој наставник, исто така и за водењето на педагошкиот картон за секој наставник кои се сместени во досиеа.

Соработка со одделенските раководители во процесот на организацијата и работата на одделенските заедници и со учениците од раководството на формирање на чуствата на одговорност, отвореност, заедништво и соработка.

Соработка со наставниците при формирање на паралелките во прво одделение, во распоредување на новозапишани ученици од други училишта, и сл.;

Во месец јули во соработка со наставниците кои предаваат во V одд. и одделнските раководители ги формира и паралелките за VI одделение.

Наставниците имаа подршка и укажување за пополнување, водењето на педагошката евиденција -одделенските е-дневници, за начинот на водење на педагошката евиденција за додатна и дополнителна настава според новиот правилник за водење на педагошка евиденција во текот на второто полугодие на учебна година.

Во текот на второто полугодие на учебната година учествував во работата на највисокиот стручен орган во училиштето - Наставничкиот совет и Одделенските совети .

Учество во тимот за изработка на Програмата на училиштето.

## IV . Соработка со заедницата

Педагогот учествуваше и работеше на разни анализи, статистички извештаи, податоци за учениците по паралелки и прегледи за работата на училиштето по потреба и за потребите на воспитно-образовните и др. институции надвор од училиштето, за МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС, ЦСР.

Педагогот беше активно вклучен во сите активности, увиди и контрола за својата работа, работата на наставниците при посетата од страна на Државниот просветен инспектор во текот на учебната година.

Во текот на учебната година успешно соработување со БРО, советниците кои беа присутни во училиштето, со консултации и насоки од нивна страна за успешно реализирање на наставта и другите активности во училиштето.

Соработував со стручни и општествени институции надвор од училиштето, со др. основни училишта, педагозите на ООУ во општината и надвор од неа.

Соработка имав и со доктори и медицински сестри од Здравниот дом во Радовиш за закажување на систематски прегледи на учениците.

Соработка имав со наставници од средни училишта со кои заедно со директорот, педагогот и одделенските раководители договоривме термини за презентација и претставување на нивното училиште на деветоодделенците.

Педагогот е вклучен во советото за малолетничко пристапништво за општина Радовиш.

Со ова соработка стручно се збогатив со др. искуства, а и се разменуваа мислења во врска со одделни проблеми и активности.

## V . Професионален развој и професионална соработка

Во рамките на ова структурално подрачје педагогот ги реализира следните активности:

За спроведување на Проектот меѓуетничка интеграција во образованието, на наставнички совет сум вклучен во тимот.

Постојано информирање на наставниците за стручни настани на кои треба да присуствуваат-обуки, конкурси.

Стручното усовршување на педагогот се состоеше во учествувавање на следните обуки, вебинари и семинари:

- Online презентација во врска со доделување на грандови за училиштата;
- Online обука „Професионален развој на учениците“ реализирана од страна на БРО;

Во текот на целата учебна година педагогот пратеше и читаше стручна литература и списанија кои ги имаше и можеше да ги набави во училиштето и електронски.

## VI. Аналитичко - истражувачка работа

Во текот на оваа 2024/25 учебна година, се изврши и едно истражување на ниво на училиште. Истражувањето го водам под насловот **„Дисциплината на учениците во ООУ„Коста Рацин“ .**
каде беше истражувано и се дојде до сознание за десциплината на нашите ученици.

## VII Училишна структура, организација и клима

Уште во почетокот од првото полугодие на учебна година педагогот учествуваше во работата на највисокиот стручен орган во училиштето- Наставнички совет.

Исто така педагогот редовно учествуваше и во работата на одделенските совети во училиштето на кои за секој ученик се вршеше подетална анализа на неговиот успех и поведение, а се разгледуваа и др. стручни и актуелни прашања.

Особено се направи анализа и споредба успехот на постигнувањата на учениците по предмети, полугодие, третото тримесечеје и крајот на учебната година и споредба на постигнатиот успех на учениците во V одделение и преминот во VI одделение.

Во почетокот на второто полугодие извршив увид во педагошката евиденција и документација, за правилно водење во Евидентни листови, а исто така и за крајот на учебната година се изврши увид.

Исто така се води и прави анализа за социјалната стриктура на учениците во училиштето.

При изготвувањето на Годишниот извештај за работата на училиштето, го работам статистичкиот дел тоес табеларниот дел на ниво на училиште, а имам и стручна соработка со директорот при изработката на текстуалниот дел.

Работев и на формирањето на паралелките со број на ученици.

Покрај напред наведеното односно реализирање на задачи од наведените подрачја, педагогот во текот на целата учебна година беше вклучен и во реализацијата на повеќе оперативни задачи кои произлегуваа од секојдневната организација на ВОД во училиштето и задачи од други подрачја кои имаат третман на перманентна работа.

- Во текот на целата учебна година водеше хронолошки дневник во кој се забележани и евидентирани сите активности, односно се бележи датата, содржини и активности, цел на активноста, форми, методи, постапки и инструменти кои се користени при реализирањето на активностите, соработка со кого работел и на крај забелешка.
- Водеше евидентен лист за разговор со ученик и евидентен лист за разговор со родител.
- Во училиштето се води книга за пофалени и наградени ученици на полугодие и на крајот од учебната година, како и за ученици на кои им е изречена педагошка мерка, таа книга ја води педагогот.
- Друга книга која ја води педагогот е евиденција за организирање, реализирање на училишни натпревари и учество на ученици на општинските, регионалните и републичките натпревари.
- Во почетокот на второто полугодие се изврши увид во педагошката евиденција и документација, за правилно водење во Евидентни листови, а исто така и за крајот на учебната година се изврши увид.
- За својата работа и работни задачи се водат папки за секоја активност посебно.
- Се води книга за други информации за педагогот.

Јуни 2025 година **Педагог**

с. Подареш **Горан Јанкулов**

------------------------

## Извештај за работа на Директорот

Директорот е највисок раководен орган на училиштето кој е одговорен за целокупното работење во училиштето.. Една од основните задачи на директорот на училиштето е организирање и координирање на работењето на сите фактори и субјекти во училиштето. - води грижа за материјалната положба во училиштето - врши надзор врз административното,финансиско работење - го застапува училиштето - учествува во изработка на статистички извештаи, анализи од областа на дејноста - ја координира работата на органите и организациите на училиштето во целина - следење и анализа во работата на наставниците.

Реализирани активности во текот на учебната година:

Директорот, како педагошки раководител во училиштето, во функција на таа примарна компонента, предметот и содржината на својата работа глобално ја структуираше во две основни групи на работа и тоа: Административно-организаторска Педагошко-инструктивна

Во рамките на првото подрачје директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органот на управување и стручните органи (Училишен одбор, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи). Административната работа подразбира финансиска, материјална, нормативна (проучување закони и прописи), извршување увид, давање помош и вреднување и корекција.

Во однос на организационо-техничко средување на училиштето, во училиштето се направи функционална распореденост на учениците во двете училишни згради, со почитување на уредби и закони. Опремени се сите училници со технологија и интернет конекција за непречено двивање на наставата. Во однос на административно–правната работа директорот во соработка со органот на управување учествуваше во изготвување на нацрт документи. Го следеше водењето на педагошка документација, документацијата за планирање на воспитно-образовната работа, документацијата за следење на воспитно-образовната работа, документација за истражувања и испитувања извршени во училиштето. Изготви документација за извршени посети на часови.

**Следењето на организацијата и реализацијата на наставно** - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето се реализираше преку: увид во годишните и тематските планирања и програмирања на наставата и воспитно образовната работа; преглед на одделенските дневници и матични книги со осврт на истите; увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневните планирања; увид,контрола и следење на остварување на стручните оперативно-организациски, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и вонннаставната активност, посета на часови, посета на часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата, посета на часови за додатна и дополнителна настава, остварување на задолжителни разговори, консултации советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето. Наставните планови и програми се реализираат во целост и се во согласност со донесените програмски документи од МОН, затоа што реализацијата на наставните планови програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за основно образование.
Наставниците редовно ги информираат родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите/стандардите на наставниот план и програми. Училиштето нуди можност за избор од повеќе изборни предмети. Се реализираат слободни ученички активности според интересите и желбите на учениците од разни области. Училиштето се вклучува во активности на локалната самоуправа. Се организираат воннаставни активности со учество на голем број ученици.

**Работа со наставници** - педагошки увид во наставата се остварува преку непосредна стручна методско - дидактичка помош во реализацијата, непосредна стручна помош на наставник почетник (реализација на обуки), следење и вреднување на работата, следање на реализацијата на планот за унапредување на училишното оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).

**Работа со стручни органи и тимови** во училиштето се реализираше преку запознавање со соодветните законски акти за дејноста; Формирање училишен инклузивен тим, за период од три години.

**Работата со учениците и ученичките организации се остваруваше преку индивидуален контакт**; Свикување на првиот состанок на ученичкиот парламент; Помош во конструирање и работа на ученичките организации; Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици; Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување; Работа со ученици кои покажуваат слаби резултати; Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците; Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето; Поттикнување на соработка со локалната средина (со организациите од општината) преку ученички иницијативи. За оваа цел директорот на училиштето направи интервју со ученикот правобранител, претседателот на ученичкиот парламент и членовите на парламентот и тие го изјавија следново:

- Им се допаѓаат: Можностите за вклучување во различни активности
- . Мотивацијата од училиштето за учество во натпревари.
- Можноста учениците да го кажат своето мислење и дека нивниот глас се слуша во училиштето.
- Учеството на состаноците на училишен одбор, наставнички совет и совет на родители. Вклученоста во хуманитарни акции.
- Им се допаѓа опременоста на училниците со смарт табли и ЛЦД проектори

Во текот на учебната 2024/25 година директорот активно соработуваше со МОН, БРО, ЕЛС Радовиш, со училиштата на ниво на општината и пошироко, урбана заедница, актив на директори и др. Наставата оваа учебна година согласно дадените препораки од МОН, БРО, Министерство за здравство е организирана со физичко присуство.

Заклучоци и согледувања за остварување на воспитно- образовниот процес

Годишниот извештај за работата на ООУ „Коста Рацин"-Подареш, во учебната 2024/25 година, според изнесените податоци констатирани се следните постигања: - Условите за работа во училиштето се задоволувачки - Средниот успех на училиштето на крајот на крајот на учебната година изнесува 4.45; - Зголемена е демократска партиципација на учениците во парламентот; - Подигање на свест за здрава животна средина кај учениците и грижа за сопственото здравје и здравјето на другите, - Промовирање на мултикултурализам, интеркултурализам и почит кон разликите; - Стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции на наставниците и стручните соработници - Вклученост во проекти, размена на

искуства; - Унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа за добросостојбата на учениците. Директорот како организатор, иницијатор и предводник на воспитно-образовната работа, во тесна соработка со стручната служба во училиштето ги реализираа формите и содржините во сите структурални подрачја на воспитно- образовната работа во училиштето, планирани во Годишната програма, а вработените со својот потенцијал позитивно одговорија на обврските.

**Подрачја на промени, приоритети и цели**

Во утврдувањето на подрачјата на промени и приоритети во предвид се земаат резултатите и сознанијата од програмата за развој на училиштето и самоевалуацијата на работата на училиштето, препораките и насоките дадени од БРО и МОН, како и потребите на наставниците констатирани при реализација на воспитно-образовниот процес и истакнати на состаноците на стручните активи.

Реализирани активности за унапредување на воспитно – образовниот процес:
- варосувани се дел од фасадата во училишните зграда во Основното училиште
- целосно обелување на фасадата во ПУ,,Јаргулица
- Поставување на окапници во ПУ,,Јаргулица
- Набавени се нагледни средства за потребите на наставниците
- набаверни се лектирни изданија од I-IX одд.
- ограден дел од училишниот двор во Основното училиште

Приоритетни подрачја на промени

1. Подобрување на инфраструктурата на училиштето.
2. Подобрување на квалитетот на наставата преку осовременување на наставни средства и технички помагала.
3. Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар.
4. Продлабочување и проширување на соработката со родителите, учениците и локалната заедница и други институции

## Извештај за работата на Училишниот одбор

Училишниот одбор е највисок орган кој е одговорен за управување со училиштето. Составот и надлежностите на УО се дефинирани со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. * Училишниот одбор е одлучувачко тело за управување со училиштето. * Училишниот одбор во соработка со директорот на училиштето и училишните тимови постојано поттикнува активности кои ќе обезбедат квалитет во работењето. Училишниот одбор при ООУ„Коста Рацин“ во текот на учебната 2024/25 година редовно одржуваше седници. Се разгледуваа повеке точки на дневниот ред.

- Предлог Годишна програма за работа на ООУ„Коста Рацин“ Подареш за учебната 2024/25 год.
- Давање мислење до Директорот за избор на наставници на определено работно време
- Разгледување и предлагање до основачот Годишна завршна сметка за работењето на училиштето за период од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 година
- Предлог финансиски план - буџет за 2025 год. план за приходи и расходи на буџетскиот корисник ООУ„Коста Рацин” Подареш.
- Разгледување на Полугодишен извештај за учебната 2024/25 година
- Разгледување на Годишен извештај за учебната 2024/25 год.

Претседате на Училишен Одбор
Марија Стојанова

**Извештај за работата на Советот на родители**

Претседател на Совет на родители: Верче Коцева

Советот на родители ја следи воспитно- образовната работа во училиштето:

- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава мислење за реализација на ученички екскурзии;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици- наставниц - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмо;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Одржани се повеке состаноци на во учебната 2024/25 год. на ко и се разгледуваше Годишната програма, реализирање екскурзии, успех и поведение на учениците и други прашања.

***Извештај за крај на година од стручен актив по Музичко, Ликовно и ФЗО***

**во ООУ ,,Коста Рацин“- Подареш за учебната 2024– 2025 година**

Стручниот актив по Музичко, Ликовно и Физичко- група предмети, работи активно, а членови се:
-Габриела Атанасова Митев – наставник по Музичко образование ;
-Тихомир Анѓеловски – наставник по Физичко образование;
-Симеон Џеков – наставник по Физичко образование;
-Марија Поцкова – наставник по Ликовно образовани;
-Зорица Ѓоргиева – наставник по Ликовно образование.

Во текот на учебната 2024/25 реализирани се следните состаноци:

Континуирано е следен успехот на учениците и се превземени мерки за подобрување на истиот. На почетокот на учебната година имавме интегрална евалуација, при што имавме посета на часови од страна на просветни инспектори. Во текот на учебната година, соработката, размената на мислења и пренесувањето на искуства беа на високо и задоволително ниво. Учениците покажуваат задоволителен интерес во областа на уметностите, а особено во областа на спортот. Второто полугодие го продолжи својот тек во нормални услови. Наставата се одвиваше според Годишната и месечната програма подготвена пред почетокот на учебната година. Наставниците активно учествуваа во работата на истите и добиените знаења ги применуваа во наставниот процес. Максимално се искористени расположливите нагледни средства, а одржани се и нагледни часови посетени од училишниот педагог. Постојано и активно е следен успехот кај сите ученици и се превземени мерки за подобрување на истиот. Соработката, размената на мислења и пренесувањето на искуства се на високо и задоволително ниво. Учениците покажуваат задоволителен интерес во областа на спортот и уметностите.
Со исто темпо како и во првото полугодие, учениците со помош на нивните наставници-ментори и во второто полугодие се трудеа да постигнат успеси, да стекнат знаења и да постигнат видливи резултати.
Дел од талентираните ученици за ликовна уметност учествуваа во ликовни колонии на Патроните празници на некои од училиштата од нашата општина: „Кирил и Методиј“-Ораовица, „Никола Карев“- Радовиш, „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш, „Орце Николов“- с.Ињево, а исто така и во нашето училиште и истите ученици се стекнаа со благодарници и награди секој според своите способности.

Дел од поталентираните ученици кои учествуваат во училишниот Хор и Оркестар, учествуваа на Патронот празник на нашето училиште и успешно го претставија училиштето. Беа искористени во целост училишните инструменти, кои се во доста доволен број и разновидност. Освен преку свирење и пеење, учениците својот талент го покажаа и во танцување.

Преку тоа тие го негуваат фолклорот и во целост уживаат додека ги покажуваат својот талент и љубов кон традиционалните музички игри. Учениците заедно со своите наставници подготвија пригодна програма и се вклучија во одбележување на 5 јуни во чест на 81 година од смртта на Панче Пешев, македонскиот револуционет и композитор и хорски диригент, пред споменикот на паднатите борци во с.Подареш.

Како што е и најчесто, во нашето училиште најмногу учениците покажуваат интерес, желба и успех во спортот. Учениците редовно се натпреваруваа на Патроните празници на другите училишта и освојуваа многубројни награди. Исто така учествуваа во општински и регионални натпревари. Во сферата на спортот нашето училиште, односно нашите ученици заедно со нивниот ментор, можат да се пофалат со неминовни резултати во одбојката како спортска дисциплина. Полугодието заврши успешно за стручниот актив и учениците и ние, наставниците од стручниот актив сме задоволни од солидно постигнатите успеси.

Подареш,
Јуни, 2025 година

Претседател на стручен актив:
Габриела Атанасова Митев

**Извештај од работата на стручниот актив  од јазичната група предмети**

**во ООУ „Коста Рацин“, Подареш за учебната 2024/2025 година.**

Во стручниот актив од јазичната група предмети членуваат:

- Анета Јанковиќ – наставник по македонски јазик
- Марија Поцкова - наставник по македонски јазик
- Лејла Лиманова – наставник по англиски јазик
- Деспина П. Аневска - наставник по англиски јазик
- Анета Илкачева – наставник по германски јазик

Годишните планови и програми за работа на наставниците од овој актив се изготвени пред почетокот на учебната 2024/2025 година. Исто така изготвени се и други програми кои се неопходни за реализирањето на наставните планови и програми и воопшто за успешно спроведување на воспитно-образовниот процес како: програми за одржување на додатна и дополнителна настава, програми за користење на ИКТ во наставата, програми за соработка со родителите и сл. Сите планови за шесто одделение се изготвени во согласност со новата концепција која од минатата година започна да се применува во предметна настава односно во шесто одделение.
Општ заклучок е дека во текот на оваа учебна година наставниците по англиски јазик и германски јазик пак се соочија со недостиг на учебници, како и години наназад. Пред неколку години учебниците по овие предмети беа повлечени од МОН и БРО а сеуште немаат набавено нови учебници. Во услови на недостиг од учебници, наставниците подготвија сопствени наставни материјали, при што често користеа дигитални алатки и онлајн ресурси. Се надеваме дека МОН и БРО ќе преземат конкретни мерки за што побрзо обезбедување на нови учебници.

Во текот на оваа учебна година, наставниците од овој стручен актив учествуваа на сите семинари на кои беа поканети, зедоа активно учество во работата на истите и навремено ги информираа своите колеги пренесувајќи им ги стекнатите искуства. Исто така наставниците заедно со нивните ученици, учествуваа на разни натпревари и манисфестации, каде што освоија награди и признанија. Оваа година се реализираа општински, регионални и државни натпревари по македонски, англиски и германски јазик на кои учениците покажаа солидни знаења за кои беа наградени. Во октомври 2025 во нашето училиште беше извршен интегрален увид од страна на ДПИ. Целокупната документација и сите наши активности беа предмет на увид и според добиената повратна информација од инспекторатот, нашето училиште постигна солидни резултати во сите области. Имаме и неколку препораки во насока на наше подобрување за кои изготвивме акционен план. Во текот на месец мај нашето училиште беше посетено и од страна на советничка од БРО. Советничката присуствуваше на неколку наставни часови меѓу кои и наставниот час на наставничката по македонски јазик Анета Јанковиќ. Добивме повратна информација од советничката која истакна дека е многу задоволна од сите наставни часови на кои присуствувала. Училиштето ни нуди можност за користење на голем број нагледни средства кои во целост се искористени со што е подобрен квалитетот на наставата, а одржани се и нагледни часови посетени од директорот и училишниот педагог. Постојано и активно се следи успехот кај сите ученици и се преземаат мерки за подобрување на истиот. Соработката, размената на мислења и пренесувањето на искуства се на високо и задоволително ниво. Сите ученици се оценети, направени се повеќе писмени и усни проверки, и сите успешно ја завршија учебната година.
За наставниците од стручниот актив од јазична група предмети успешно е завршена оваа учебна година со желба дека сите ученици ќе се потрудат и ќе остварат подобри резултати следната учебна година.
Јуни, 2025 Подареш

Стручен актив на јазична група предмети
ООУ ,,Коста Рацин“, Подареш
Претседател
Лејла Лиманова

**Извештај од работата на стручниот актив од природно – математичка група предмети**
во ООУ ,,Коста Рацин"- Подареш за учебната 2024/2025 година

Стручниот актив по природно – математичка група предмети работи активно години наназад и во истиот членуваат:

Јанка Стојчева – наставник по Хемија, Биологија и Природни науки
- претседател на стручниот актив
- ✓ Марија Марков – наставник по Информатика, Т.О
- ✓ Драган Ристов – наставник по Географија
- ✓ Драги Коцев – наставник по Математика,Физика и Иновации
- ✓ Раде Филиповски - наставник по Математика
- ✓ Зорица Горгиева - наставник по Природни науки
- ✓ Јован Ѓоргиев - наставник по Историја

Годишните планови и програми за работа на наставниците од овој актив се изготвени пред почетокот на учебната 2024 /2025 година. Исто така изготвени се и програмите за одржување на додатна и дополнителна настава и вметнати во распоредот за часови. Наставниците од овој стручен актив ги посетуваа сите семинари и обуки на кои беа поканети, зедоа активно учество во работата на истите и благовремено ги информираа своите колеги пренесувајки им искуства од истите. Максимално се искористеани сите можни апликации и програми за успешно одвивање на наставата , имавме нагледни часови од директорот и училишниот педагог. Постојано и активно е следен успехот кај сите ученици и се превземени мерки за подобрување на истиот. Одделни ученици настапија на општински, регионални и државни натпревари и покажаа добри резултати.Соработката, размената на мислења и пренесувањето на искуства се на високо и задоволително ниво. Зад нас наставниците од стручниот актив по природно– математичка група предмети е завршена учебната година со успешна работа.

Јуни, 2025
Подареш

Стручниот актив
од природно – математичка група
предмети во ООУ ,,Коста Рацин"- Подареш
претседател Јанка Стојчева
Записничар: Раде Филиповски

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ *ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД I ДО V ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА***

Стручниот актив по одделенска настава работи активно и во него членуваат одделенските наставници:

- Лилјана Лазарева, Лилјана Понева - прво одд.
- Софија Јовановска, Марија Петрушева - второ одд.
- Данче А. Илиева, Силвана Јанкова - трето одд.
- Божанка Ѓоргиева, Лефка В. Милева - четврто одд
- Гордана Мантева Ташкова, Павлинка Андреева - петто одд.

За успешна реализација на воспитно-образовниот процес, неопходна е тимска и кооперативна соработка со стручните активи. Врз основа на тоа стручните активи од одделенска настава во текот на учебната година одржаа повеќе состаноци на кои се работеше колегиално, одговорно и тимски од страна на сите одделенски наставници.

Во текот на целата година преку работата на стручните активи од одделенска настава на состаноците се разговараше и дискутираше за активности и теми со цел подобрување на воспитно-образовниот процес.
Најчесто се дискутираше за следново:

| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|
| -Се изготви и усвои план и програма за работа на стручниот актив;<br>-Се утврди методологијата на планирањето и изготвување на<br>-Глобални планови<br>-Тематски планови<br>-Месечни планови<br>-Се изготвува план и програма за:<br>-Екскурзии во трето одд.<br>-Родителски средби<br>-Совет на родители | АВГУСТ |

| | |
|---|---|
| -Се реализираа обуки за наставниците од одделенска настава според новата концепција и задолжителни обуки за сите наставници од БРО | |
| -Успешно претставување на нашето училиште<br>-Учество во манифестации организирани од други тела<br>-Договор за изработка на досиеа (портфолија на учениците) и чек листи за следење на учениците<br>-Планирање родителски средби<br>-Избор и колегијално користење на нагледни средства, донесување заеднички став;<br><br>-Консултации и договор за работа според програмите по новата концепција и одржување на слободните и другите активности | СЕПТЕМВРИ |
| -Согледување на текот на учењето, разбирањето и совладувањето на наставниот материјал од страна на учениците;<br>-Интегрален увид од страна на ДПИ<br>-Согледување, утврдување и примена на критериумите за оценување<br>-Континуиран увид и следење на развојот на децата кои заостануваат во однос на другите ученици | ОКТОМВРИ |
| -Реализација на родителски средби и идндивидуални средби со родителите (по потреба).<br>-Анализа на постигањата на учениците во првото тримесечје од оваа учебна година;<br>-Изготвување на евидентни листови;<br>-Свикување родителска средба;<br>- Посета на час имаше од страна на педагогот и директорот на | НОЕМВРИ |

| | |
|---|---|
| училиштето.<br>- Консултации за претставување на нашето училиште со ученички натпревари по Математика Природни науки,Кенгур,Новогодишен натпревар по Математика | |
| - Ангажирање на учениците во воннаставните активности;<br>- Самоевалуација на реализираната настава;<br>- Средување на педагошка евиденција<br>- Подготовка на извештаи за успехот и поведнието на учениците во полугодие;<br>-Успешно претставување на нашето училиште преку настапите на учениците со свечена програма | ДЕКЕМВРИ |
| -Согледување на реализацијата на воспитно-образовната работа во прво полугодие<br>-Анализа на постигнатиот успех на учениците во првото полугодие од учебната 2024/2025 година<br>-Изготвување на полугодишен извештај<br>-Свикување родителска средба<br>- Изготвување на евидентни листови<br>- Реализација на родителски средби | ЈАНУАРИ |
| -Утврдување методологија за работа со ученици кои покажуваат послаб успех | ФЕВРУАРИ |
| -Одбележување на денот на жената 8 Март -Активности по повод денот на жената<br>- Утврдување различни методи и постапки за оценување<br>- Следење на постигањата на учениците преку наставни листови и тестови<br>- Посета на час имаше од страна на педагогот и директорот на училиштето.--Подготовки и активности по повод 1Април-Ден на шегата | МАРТ |

| | |
|---|---|
| -Анализа на успехот од воспитно-образовната работа во III тримесечие од учебната 2024/25 година<br>-Свикување родителска средба<br>- Изготвување на евидентни листови<br>- Реализација на родителски средби<br>-Одбележување и активности по повод Велигденските празници<br>- Подготовки и активности по повод Денот на планетата Земја | АПРИЛ |
| -Консултации за начинот на одбележување на Патрониот празник(настапни точки , одредување на тема за награден литературен конкурс) и нивна подготовка<br>- Анализа на успехот и постигнатите резултати на учениците во редовната настава<br>-Посета на часови од страна советници од БРО<br>- Подготовка за еднодневна екскурзија во трето одделение | МАЈ |
| -Консултации и коментари за избор на учебници кои ќе се користат во наредната учебна година<br>-Следење на степенот на усвоеноста и на реализација на материјалот по одредени предмети;<br>-Евалуација на работата на стручниот актив. | ЈУНИ |

Соработката, размената на мислења и пренесувањето на искуства меѓу наставниците од овој актив се на високо и задоволително ниво.

Јуни, 2025 год.
Подареш

Стручниот актив - Одделенска настава
ООУ „Коста Рацин“- Подареш
**Претседател: Силвана Јанкова**

**Годишен извештај од работа на  Подмладокот на Црвениот крст во ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш**

Подмладокот на Црвениот крст во ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш  работи според програма која влегува во состав на годишната програма за работа во ООУ„Коста Рацин“ - Подареш  во учебната 2024/25 година. Во текот на учебната година се реализирани следниве активности:

| Активност | Учесници | Одговорни лица | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Одржан конситутивен состанок за формирање на подмладокот на црвен крст за учебната 2024/25 год. | Ученици во ООУ„К.Рацин“ | Јанка Стојчева наставник | 10.09- 2024 год. |
| Одржано предавање на тема: Од идеја- до реализација- да бидеме хумани и да си подадеме рака | Ученици-членови на подмладокот на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 16.09- 2024 год. |
| Одбележан денот на старите лица со посетеност на стари лица и лични творби посветени на баби и дедовци. | Ученици-членови на подмладокот на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 04.10.2024 год. |
| Известување дека по повод - Денот на гладните се организира акција за собирање на храна со подолг рок на траење. | Ученици-членови на подмладокот на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 10.10.2024 год. |
| Собирање на храна по повод- 16 октомври денот на гладните, и поделена на семејства од селото на кои имаат потреба, за кои има голема благодарност. | Ученици во ООУ„К.Рацин“ | Јанка Стојчева наставник | 16.10.2024 год. |
| Учениците од подмладокот на Црвен крст се вклучија во работилница посветена на први декември- Светски ден за борба против сидата | Ученици од 9 одд. | Јанка Стојчева и педагог- Горан Јанкулов | 02.12.2024 год. |
| Собирање на парични средства за лекување на ученичката Благица Милева. Мото- „Сите за благица- Благица сме сите ние“ | Ученици во ООУ„К.Рацин“ | Јанка Стојчева наставник | 02.12.2024 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учениците со своите активности се вклучија во одбележувањето на<br><br>-Мегународниот ден на лица со хендикеп | Ученици- членови на подмладокот на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 03.12.2024 год. |
| Учениците со своите активности се вклучија во изработка на новогодишните украси. | Ученици во<br><br>ООУ„К.Рацин“ | Јанка Стојчева наставник | 16.12.2024 год. |
| Учениците се вклучија во работилница посветена на денот на волонтерство насловена како: Волонтерите и хуманоста | Ученици во<br><br>ООУ„К.Рацин“ | Јанка Стојчева и педагог- Горан Јанкулов | 17.12.2024 год. |
| Учениците се вклучија во активности на уредување на холот по повод новогодишните празници. | Ученици во<br><br>ООУ„К.Рацин“ | Јанка Стојчева наставник | 20.12.2024 год |
| Акција за расчистување околу контенери и блиска околина. | Ученици-членови на подмладокот на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 22.01.2025 год |
| Учениците од подмладокот на Црвен крст заедно со своите другарчиња, делеа рачно изработени цветови на постари госпоѓи  во селото, при што изнудија насмевка и благодарност. | Ученици-членови на подмладокот на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 07.03.2025 год. |
| Учениците од подмладокот на Црвен крст заедно со своите другарчиња, се вклучија во активности по повод големата трагедија во Кочани. | Ученици-членови на подмладокот на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 17.03.2025 Год. |
| Учениците од подмладокот на Црвен крст се вклучија во активности за разубавување на холот и училишниот двор во пресрет на пролетта. | Ученици во<br><br>ООУ„К.Рацин | Јанка Стојчева наставник | 21.03.2025 год. |
| Активности за одбележување на – „Денот на планетата земја“ | Ученициподмладокот<br><br>на Ц.крст | Јанка Стојчева наставник | 22.03.2025 год. |
| Одбележана неделата на Црвен крст преку предавања за значењето на Црвениот крст и низа акции од хуманитарен | подмладокот на | Јанка Стојчева наставник | 08.15.2025 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| карактер и општокорисна работа за поздрава животна средина. | Ц.крст | | |
| Учениците од подмаладокот на црвен крст со своите соученици се вклучија во акцијата „Викенд генералка“ чистејќи и собирајќи одпадоци на одредени локации во с. Подареш | Ученици во ООУ„К.Рацин | Јанка Стојчева наставник | 09.05.2025 Год. |

Натавник: Јанка Стојчева

**Извештај од работата на ученичката заедница** ***во ООУ „Коста Рацин“- Подареш за учебната 2024– 2025 година***

Ученичката заедница е организација преку која учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за работа и учење, градење и негување на другарство и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Организационата поставеност почнува од заедницата на учениците во паралелката, па до ученичка заедница на училиштето. На почетокот на учебната година учениците беа запознаени со етичкиот кодекс на однесување во училиштето

Во текот на учебната година ученичката заедница имаше низа на активности и состаноци, во кои беа вклучени сите ученици заедно со нивниот одговорен наставник.

| Активности | Постигната цел | Време на реализација |
|---|---|---|
| Организација за проведување на избори за претседател и правобранител на ученичкиот парламент | Формиран е ученички парламент и направен е избор на раководно тело | Септември |
| Планирани и организирани активности за меѓународната недела на детето | Учениците без запознаени со нивните права и обврски преку низа активности и презентации реализирани од нивна страна и од страна на наставници од училиштето | Октомври |
| Планирани и организирани активности по повод Светски ден на детето | Учениците без вклучени во активности во кои тие ја имаа водечката улога, со цел да се објасни улогата на децата во општествениот живот и сл | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| Организирана работилница со презентација на тема „Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените“. | Учениците стекнаа знаења за видови насилство и заштита од секаков вид на насилство. Исто така и дека не смеат да применуваат насилство во никој случај. | Ноември |
| Планирање и реализирање на новогодишна работилница | Направено е истражување и подготовка за новогодишна работилница | Ноември/декември |
| Работилница на тема „Светски ден на борбата против сида | Учениците беа запознаени со ризик факторите од ХИВ вирусот и превенција за спречување на зараза од истиот. | Декември |
| Активности за собирање на новогодишните украси во училиштето | Стекнати навики кај учениците за уредување и чистење на просторот во кој живеат, работат, учат | Јануари |
| Планирање и реализирање на работилница за одбележување на претстојниот празник 8 Март- Ден на жената | Креативно развивање на учениците | Февруари |
| Работилница за психолошка поддршка на | Искажување на своите лични емоции и чувства и | Март |

| | | |
|---|---|---|
| учениците | полесно пребродување на стравови, панични напади и психолошки кризи | |
| Планирање и организација на патронен празник на училиштето | Меѓусебна соработка на учениците и организирање на настани | Мај |

На состаноците во текот на целата учебна година се даваа предлози со кои ќе се мотивираат учениците активно да учествуваат во подобрување на училишниот живот, исто така континуирано се разговараше за нивниот успех и поведение и превземање на мерки и активности за подобрување на истите.

Одговорен наставник:
Габриела Атанасова Митев

## Извештај за еднодневна екскурзија

за реализирана еднодневна екскурзија со учениците од третто одделение при ООУ „Коста Рацин“ с. Подареш и ПУ с.Јаргулица за учебната 2024/25 год.

**ЦЕЛ:**
Еднодневната екскурзија со учениците од третите одделенија се реализираше на релација Радовиш- Скопје -Радовиш со цел совладување и проширување на знаењата од културно историски карактер стекнати од воспитно- образовната програма во училиштето. Запознавање со непосредната околина на главниот град Скопје и историските обележја, Скопско Кале, црквата Св.Спас и посета на гробот на Гоце Делчев, Старата скопска чаршија, Спомен куќата на Мајка Тереза, посета на Меѓународниот аеродром Скопје и Зоолошката градина Скопје.

**ЗАДАЧИ:**

-Кај учениците да се развие позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на главниот град Скопје;
-Учениците да се стекнат со еколошки навики и да развијат чувство на толеранција;

**ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ:**

Екскурзијата започна со тргнување во 7:30 часот. Во 10 часот пристигнавме на Меѓународниот аеродром Скопје.Се посетија сите предвидени места што се наведени во целите. Со посетата на Скопското Кале, беше дадено објаснување за неговото историско значање и неговото постоење. Прошетавме по Старата скопска чаршија и го посетивме гробот на Гоце Делчев во црквата Св.Спас. Потоа се упативме по плоштадот каде се разгледаа спомениците и преку камениот мост се упативме кон центарот во куката на мајка Тереза.За време на посетите учениците беа водени од страна на водич и информирани за клучни и важни збиднувања поврзани со посетените места.

Во попладневните часови по завршувањето на истражувањето и изучувањето на историските и културни знаменитости, учениците ја посетија Зоолошката градина Скопје и се подготвија за тргнување кон дома. Се тргна во 16:30 часот и во 18:30 часот пристигнавме дома.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**
Екскурзијата се реализира со мини- автобус, со агенцијата ,,Атлантис,,по претходно реализирана јавна набавка, што ја спроведува управата на училиштето.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**
Екскурзијата ја финансираа родителите на учениците.

**Раководители и реализатори на екскурзијата :**
Данче Атанасовска Илиева - одд.наставник
Силвана Јанкова- одд.наставник

## Извештај за дводневна екскурзија

Дводневна екскурзија на учениците од 6-то одделение спроведена на 12 и 13 мај 2025 година .Учениците имаа можност да се запознаат со природните богатства и културно-историските знаменитости, се дружеа и истражуваа. Посетени се Кавадарци, Винарија Тиквеш, Прилеп и Могилата на непобедените, убавото Крушево, Спомен куќата на Тоше Проески, Македониум, Битола и Широк сокак, Хераклеа. Импресионирани од убавините на Крушево, мало но многу интересно гратче со културни и љубезни жители, каде што секое сокаче раскажува приказна од македонската историја. Се прошетавме низ Прилеп и Битола, седнавме на Широк сокак .Во винарската визба “Тиквеш„ ја слушнавме приказната како се изградила винаријата.На крајот на нашето патување го посетивме Археолошкиот локалитет Хераклеа, древен град преку кој се движеле културните влијанија. На оваа кратка ама интересна екскурзија запознавме дел од нашата богата историја, архитектура, култура, традиција, голем број споменици, музеи, знаменитости, географски обележја, а најважно од се се дружевме, се забавувавме и градевме хумани вредности.

Одговорни наставници :
Драган Ристов

Драги Коцев

## Извештај за тридевна екскурзија

02.06.2025 Екскурзија ИЗВЕШТАЈ За реализираната тридневна екскурзија со ученици од IХа,Iхб одделение (предвидена според годишната програмата на училиштето за учебната 2024/2025 год.) ИЗВЕШТАЈ: Во деновите 02,03 и 04 Јуни 2025 год. беше изведена предвидената екскурзија Ињево-Матка-Лешок-Св.Јован Бигорски-Охрид-Струга-Охрид-Битола-Кавадарци-Ињево според однапред утврдена програма . На екскурзијата учествуваа вкупно 34 ученика и 3 наставници: Јанка Стојчева и Симеон Џеков . На оваа екскурзија беа поставени и реализирани. Цел на екскурзијата: - совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето. Задачите на училишната екскурзија и другите активности се остваруваат преку: - изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; - развивање интерес за природата и градење еколошки навики; - запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; - градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот; - развивање позитивен однос кон

националните, културните и естетските вредности; - поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; - социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе; - развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење. Распоред: I-ден:02.06.2025 год. 8:00 часот тргнување од училиштето со автобус кон Скопје попатен „Мал одмор“, па продолжување кон Скопје. Околу 10:30 часот пристигање на Матка каде беше организирана прошетка со чамци по кањонот. Околу 12:00 часот продолживме кон Лешок. Посета на манастирот Св.Атанасиј и организиран ручек. По ручекот околу 14:00 часот продолживме по долината на реката Радика кон манастирот Св. Јован Бигорски. По кратката посета продолживме кон Вевчанските извори, а од таму околу 18:00 часот продолживме кон Охрид. Пристигнување во Охрид и сместување во хотел. Околу 20:00 часот вечера и забава II-ден:03.06.2025 год. 8:00 часот доручок и прошетка низ Охрид. Прво стариот град, Самоиловата тврдина, прошетка по Плаошник, манастирот Св.Климент Охридски, се спуштивме до Св.Канео и од таму со кајчиња до центарот на Охрид. Слободна прошетка низ градот и враќање назад во хотелот на ручек. По ручекот прошетка низ Струга, мостот на Поезијата и центарот и вракање назад во хотелот. III-ден:04.06.2025 год. 8:30 часот доручок и патување кон Св.Наум Прошетка по комплексот и манастирот Св.Наум и вракање во хотелот на ручек. По ручекот го напуштивме хотелот и се упативме кон Битола. Во Битола слободна прошетка по Широксокак. Околу 16:30 часот тргнување за Радовиш преку Кавадарци и пристигнување во Ињево во 20:00 часот. Напомена: 1. На екскурзија беа 20 ученика и 2 наставници.(одд.раководители, лекар и водич од агенцијата.) Цена за превоз и престој по ученик 5099 ден. Паричните средства ги подмирија родителите. 2. Имавме одличен возач,лекар и добар автобус и затоа немаше проблеми. 3. Влезница на„ Самоиловата тврдина“ ,возење со чамец по кањонот „Матка“, возење со кајче по „Охридско езеро“ си плакаа децата. 4. Возењата беа безбедни . 5. Целата екскурзија помина безбедно, без никакви проблеми и опасности. Техничката реализација ( квалитетот на превозното средство, квалитетот на сместувањето и соработката со агенцијата) беше на задоволително ниво. Во текот на целото патување со нас беше и лекарот.

15.06.2025 год.

одд.рак. на 9 одд. Јанка Стојчева и Симоен Џеков.

**Извештај за училишната библиотека за учебната 2024/25 година**

Училишната библиотека е составен дел на целокупната воспитно-образовна дејност во едно основно училиште.
Преку неа се остварува контакт меѓу наставата, наставниците и учениците.
Сите книги се библиотечно обработени, средени и наменети за задоволување на потребите како за учениците така и за наставниците, вработени во нашето училиште. Библиотеката секоја година изработува распоред за нејзино работење со кој настојува да се приближи до учениците, односно да стане подостапна до читателската публика. Работата на библиотеката се состои од издавање и примање на книги, евиденција на прочитаното, водење на картотеката, список на членови и друго.Најголем дел од книгите се за потребите на наставата по македонски јазик и литература.Нашата библиотека е раководена од нашиот библиотекар Марија Марков. Располага со соодветен и современ библиотечен материјал- околу 6941 библиотечни единици од кои, само книги се 911, кои им се на располагање на учениците
Библиотеката при ООУ,,Коста Рацин"-Подареш, во учебната 2024/25 година брои околу 100 членови(ученици) и одреден број на наставници од училишниот кадар. Од вкупниот библиотечен фонд изданија се: 5925, стручна литература се 105, белетристика 911 .

Потребата од училишна библиотека, од создавање интерес и навика за читање кај учениците била присутна уште кај првите наши генерации. И денес, како и пред години, стремежот за развој на училишната библиотека е ист: да се пробуди кај учениците интерес за читање, да се развива културата на читањето, да се гради естетски однос кон книгата.

Библиотекар: Марија Марков

**ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш**

**П Р Е Г Л Е Д**

***На бројот на ученици** на крајот од учебната*

*2024-25 година*

Табела бр. 1

| одделение | Македонски јазик | | | Албански јазик | | Турски Јазик | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | м | ж | Се | Ж | се | ж | се | м | Ж |
| **I** | 14 | 7 | 7 | | | | | 14 | 7 | 7 |
| **II** | 8 | 5 | 3 | | | | | 8 | 5 | 3 |
| **III** | 15 | 6 | 9 | | | | | 15 | 6 | 9 |
| **IV** | 20 | 9 | 11 | | | | | 20 | 9 | 11 |
| **V** | 11 | 7 | 4 | | | | | 11 | 7 | 4 |
| **I-V** | 68 | 34 | 34 | | | | | 68 | 34 | 34 |
| **VI** | 18 | 9 | 9 | | | | | 18 | 9 | 9 |
| **VII** | 14 | 4 | 10 | | | | | 14 | 4 | 10 |
| **VIII** | 15 | 7 | 8 | | | | | 15 | 7 | 8 |
| **IX** | 20 | 5 | 15 | | | | | 20 | 5 | 15 |
| **VI-IX** | 67 | 25 | 42 | | | | | 67 | 25 | 42 |
| **I-IX** | 135 | 59 | 76 | | | | | 135 | 59 | 76 |

**П Р Е Г Л Е Д**

***На поведението на*** *учениците на крајот*

*од учебната 2024/25 година*

Табела бр. 2

| одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | СЕ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 14 | 8 | 15 | 20 | 11 | 15 | 14 | 15 | 20 | 132 |
| Добро | | | | | | | | | | |
| незадоволително | | | | | | 3 | | | | 3 |

**ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш**

**П Р Е Г Л Е Д**

*На* ***испишани и неоценети ученици*** *на крајот од*
*од учебната 2024/25 година*
Табела бр. 8

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | Ж | м | Ж | М | ж | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Македонски | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Албански | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешка:** На почетокот од учебната 2024/25 година има испишано еден ученик од с. Подареш а тоа е:

- I одд. Леон Димов се испиша поради иселување во странство ;

**П Р Е Г Л Е Д**

*На бројот на учениците кои користат **исхрана** на крајот од учебната 2024/25 година*

Табела бр. 9

| Наставен јазик | Исхрана во училишна кујна | Друг вид на организирана исхрана | Самоиницијативно од учениците |
|---|---|---|---|
| Македонски | | | Да |
| Албански | | | |
| турски | | | |

**ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш**

**П Р Е Г Л Е Д**

*На **наставниот кадар** на крајот од*
*од учебната 2024/25 година*

Табела бр. 5

| Наставен кадар по наставни јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф | наст | учит | неоф образ | Се | Проф | наст | Учит | неоф образ | се | |
| Македонски | 10 | | | | 10 | 13 | 1 | | | 14 | 24 |
| Албански | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

*На **раководниот и стручен кадар** на крајот*
*од учебната 2024/25 година*

Табела бр. 6

| Работно Место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство Како директор, пом. и зам.директор, педагог, секретар |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВШС | | |
| директор | 1 | Всс | 23 год. | 6 год. |
| Зам.директор | / | | | |
| Пом.директор | / | | | |
| Педагог | 1 | Всс | 4 год.и 6 месеца | 4 год. и 6 месеца |
| психолог | / | | | |
| секретар | 1 | Всс | 3 години 5 месеца | 8 месеца |
| библиотекар | / | | | |

# С О О Д Р Ж И Н А

Вовед........................................................................................................................1
1.1. Општи податоци за училиштето.....................................................................................2
1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање ................................. 5
2.2. Податоци за училишниот простор..................................................................................6
2.3. Простор........................................................................................................................7
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“............................ 8
2.5. Податоци за училишната библиотека ........................................................................... 8
2.6. Извештај за за обновување  и адаптација во основното училиште во оваа учебна година ..................... 9
3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште ...................................... 9
3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа ..................... 9
3.2. Податоци за раководните лица .................................................................................... 11
3.3. Податоци за воспитувачите.......................................................................................... 12
3.4. Податоци за стручни соработници и административни службеници................................. 13
3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица ......................................................... 14
3.6. Податоци за ангажирање на образовни медијатори..........................................................14
3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар .......................................................... 15
3.8 Вкупни податоци за степенот на образование на вработените............................................ 16
3.9 Вкупни податоци за старосната структура на вработените ................................................ 16
3.10. Податоци за учениците во основното училиште............................................................ 17
4. Материјално- финансиско работење на основното училиште..............................................18
5. Мисија на училиштето .................................................................................................. 18

5. Визија на училиштето......19
6. Веќе научени стекнати искуства......19
7. Подрачја на промени, приоритети и цели......20
8. Програми и организација на работата на училиштето......20
8.1. Клендар за организација на работата во училиштето во 2024/25 год......20
8.2. Поделба на класното раководство, поделба на часови на наставен кадар, распоред на часови......21
8.3. Работа во смени......21
8.4. Јазик на кој се изведува наставата......21
8.5.Проширена програма...... 21
8.6.Комбинирани паралелки ...... 21
8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште ...... 22
8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение...... 22
8.9. Изборна настава......22
8.10. Дополнитена настава......22
8.11. Додатна настава......23
8.12. Извештај за работа со надарени и талентирани ученици......23
8.13 Извештај за работа со ученици со посебни образовни потреби ...... 24
8.14. Извештај за Туторска поддршка на ушеникот......24
8.15. Извештај за работата на образовен медијатор......24
9. Воннаставни активности......24
9.1. Училишни спортски клубови......24
Годишен извештај за литературната секција за учебната 2024/25 год......25
Годишен извештај за Библиотекарска секција......26
9.2. Акции......26
Извештај за хуманитарна акција......27
10. Ученичко организирање и учество......27
11. Вонушилишни активности......27
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа......27
11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности......28
12. Натпревари за учениците......28

Извештај за учество на учениците на натпревари за 2024/25 год..............................................................................................29
13. Унапредување на МИО...............................................................................................................................................32
14. Проекти што се реализираат во училиштето.............................................................................................................33
МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието) ООУ „Коста Рацин“-Подареш ............................................................ 33
Проект„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ ........................................................................................ 35
Реализиран проект „ Чекори во интегрирано образование во образовниот систем на РС Македонија“ ...................................... 36
Реализиран проект во одделенска настава.............................................................................................................. 40
15. Поддршка на учениците................................................................................................................................................42
15.1. Извештај за постигнувања на учениците.......................................................................................................................43
15.3. Промоција на добросотојбата на учениците, заштита од насилство и сл.......................................................................44
16. Оценување.......................................................................................................................................................................44
16.1. Видови оценувања и календар на оценување..................................................................................................................44
16.2 Извештај на тимот за следење, анализа и поддршка...................................................................................................... 45
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовната работа......................................46
16.4. Самоевалуација на училиштето.........................................................................................................................................46
17. Безбедност во училиштето..............................................................................................................................................47
18. Грижи за здравјето на учениците.....................................................................................................................................47
18.1. Хигиена во училиштето...................................................................................................................................................48
18.2. Систематски прегледи.....................................................................................................................................................48
18.3. Вакцинирање......................................................................................................................................................................49
18.4. Едукација за здрава исхрана.............................................................................................................................................49
19. Училишна клима................................................................................................................................................................49
19.1 Дисциплина..........................................................................................................................................................................49
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето..................................................................................50
19.3. Етички кодекси..................................................................................................................................................................51
19.4. Односи меѓу сите структури..............................................................................................................................................52
20. Професионален развој на воспитно- образовниот кадар.......................................................................................................52
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите.......................................................................................................................52
20.2. Активности за професионалниот развој.............................................................................................................................53
20.3. Личен професионален развој..............................................................................................................................................53

20.4. Хоризонтално учење......................................................................................................................................54
20.5. Кариерен развој на воспитно- образовниот кадар.......................................................................................54
21. Соработка на училиштето со родителите......................................................................................................55
21.1. Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето............................................................55
21.2. Вклушеност на родителите во процесот на учење и воннставните активности...........................................55
21.3. Едукација на родителите...................................................................................................................................56
22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето...................................................................................56
Годишен извештај за соработка со локалната средниа за учебната 2024/25 год. .........................................58

АНАЛИЗА НА ПОСТИГНАТИОТ ГОДИШЕН УСПЕХ ВО УЧЕБНАТА 2024/25 година..............................59
Извештај за работата на училишнио Педагог......................................................................................................79
Извештај за работа на Дирекоторот.......................................................................................................................87
Извештај за работата на Училишниот одбор.........................................................................................................91
Извештај за работата на Советот на родители......................................................................................................92
Извештај за крај на година од стручен актив по Музичко, Ликовно и ФЗО.................................................... 93
Извештај од работата на стручниот актив од јазичната група предмети.......................................................... 95
Извештај од работата на стручниот актив од природно – математичка група предмети................................ 97
Извештај од работата на стручен актив од одделенска настава од прво до петто одделение.......................................................................................................................................*98*
Извештај од работа на Подмладокот на Црвениот крст во ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш ..........................102
Извештај од работата на ученичката заедница....................................................................................................105
Извештај од реализираните ескурзии.................................................................................................................107
Извештај за ушилишната библиотека..................................................................................................................111
Табеларни прегледи за учениците.......................................................................................................................112

СООДРЖИНА...........................................................................................................................................................117
.